**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – ШТИП**

**Влатко Ситновски**

# МЕТОДИКА НА ОТКРИВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИОТ КРИМИНАЛ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА НА Р МАКЕДОНИЈА СО Р БУГАРИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2005 ДО 2011 ГОДИНА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Штип, ноември 2015 година**

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор:** Проф. д-р Стеван Алексоски

Правен факултет – Штип

**Претседател:** Доц. д-р Љупчо Сотировски

Правен факултет – Штип

**Член:** Доц. д-р Олга Кошевалиска

Правен факултет – Штип

**Датум на одбрана:** 11.11.2015 година

**Датум на промоција:** ___.___.______ година

*Посветено*

*на моите деца*

*Софија и Јане.*

**Методика на откривање на прекуграничниот криминал на државната граница на Р Македонија со Р Бугарија во периодот од 2005 до 2011 година**


**Краток извадок:**

Во Република Македонија постојат повеќе истражувања на криминалот, во коишто истиот, во зависност од мотивите и целта на издржувањето, е поимно определен на повеќе начини, со јасна видова и типолошка поделба. Под оваа капа, како тип на криминал, свое место наоѓа и прекуграничниот криминал, за којшто слободно може да се каже дека е сè уште недоволно истражуван во сите негови сегменти, поаѓајќи од неговите појавни облици, обем, интензитет и завршувајќи со методите на негово откривање и специфичностите во криминалистичката тактика и техника во борбата против него.

Поаѓајќи од ова, со разработката на темата на овој труд, ќе се направи обид за утврдување на обемот, интензитетот и појавните облици на прекуграничен криминал на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија во периодот од 2005 година до 2011 година, како и методите на негово откривање со примена на современите криминалистичко-тактички стандарди во работата и современите криминалистичко-технички средства и опрема.


**Клучни зборови:** прекуграничен криминал, гранична полиција, граничен премин, државна граница, гранична линија

**Methodology of detection of cross-border crime on the state border between Republic of Macedonia and Republic of Bulgaria for the period from 2005 to 2011**

**Abstract:**

In Republic of Macedonia there are many surveys of crime, in which according to the aim and the goal of that surveys, the crime is a term defined on many ways, with clear typological settlement. Under this hat, as a type of crime, there is a place for a cross-border crime, for which we can say that it is still insufficiently explored, starting from his manifestations, volume, intensity and ending with the methods for his detection and the specifics of crime tack and technique which we use in the battle against him.

Starting from this, with the development of the thematic of this paper work, it will be make an attempt for determining of volume, intensity of manifestations of cross-border crime on the state border between Republic of Macedonia and Republic of Bulgaria for the period from 2005 to 2011, as well it will be make an attempt to determine the methods of detection of cross-border crime by using of modern day crime tactics standards in the work and by using of modern day crime detection technique and equipment.

**Key words:** cross-border crime, border police, border crossing point, state border, border line

## СОДРЖИНА:

**Вовед**....... стр. 9

Глава 1. **Поим за прекуграничен криминал**.... ..... 12

1.1 Прекуграничниот криминал – како поим.... ..... 12

1.1.1 Дефинирање на поимот прекуграничен криминал ..... ..... 14

1.1.2 Определување на поимот прекуграничен криминал... .... 17

1.2 Односот на прекуграничниот криминал со другите видови на криминал..... ..... 21

1.2.1 Прекуграничниот криминал и организираниот криминал..... 22

1.2.2 Прекуграничниот криминал и класичниот криминал........... 25

1.2.3 Прекуграничниот криминал и криминалот на белите јаки.... 27

1.2.4 Прекуграничниот криминал и криминалот против државата.. 28

Глава 2. **Определување на истражувањето на прекуграничниот криминал**...... ..... 31

2.1. Мотиви за истражувањето на прекуграничниот криминал.... ..... 31

2.2. Предмет на истражувањето на прекуграничниот криминал.... ..... 33

2.3 Цели и задачи за истражувањето на прекуграничниот криминал... 34

2.4. Хипотези за истражувањето на прекуграничниот криминал.... ..... 35

2.5. Методи и техники за истражувањето на прекуграничниот криминал..35

Глава 3. **Етиологија и феноменологија на прекуграничниот криминал и нивното влијание врз определувањето на посебни методи за негово сузбивање**...... ..... 37

3.1. Етиологија на прекуграничниот криминал и нејзиното влијание на посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал....... ..... 37

3.1.1. Поврзаноста на социо-економските состојби во општеството со прекуграничниот криминал и нивното влијание врз посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал...... ..... 38

3.1.2. Специфични етиолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница...... ..... 42

3.1.3. Специфични етиолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини....... ..... 44

3.2. Феноменологија на прекуграничниот криминал и нејзиното влијание на посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал........ ..... 47

3.2.1. Специфични феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница...... ..... 48

3.2.2. Специфични феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини....... ..... 49

Глава 4. **Начин на извршување и методи на откривање на прекуграничен криминал**...... ..... 52

4.1. Криумчарењето како начин на извршување на прекуграничен криминал и методи на негово откривање..... ..... 52

4.2. Илегалното префрлање како начин на извршување на прекуграничен криминал и методи на негово откривање.... .... 60

4.3. Фалсификувањето како начин на извршување

на прекуграничен криминал и методи на негово откривање.... ...... 69

Глава 5. **Меѓународната соработка во сузбивањето**

**на прекуграничниот криминал**....... ..... 70

Глава 6. **Интерпретација на резултатите од истражувањето**..... ..... 74

Глава 7. **Заклучок**.......... ..... 116

**Користена литература**...... ..... 121

## Вовед

Кога настанал злосторот?

И каква била неговата прва казна?

Придржувајќи се кон Дарвинизмот и познавајќи ја природата, по сѐ изгледа, злосторството и казната, во човековите гени, постојат од многу одамна, уште пред да може за човекот да се каже дека станал човек.

Да се украде храна, да се убие за храна, да се има сила, влијание, моќ, да се посакува туѓото, да се присвои туѓото, да се обележи територија, да се постапува свирепо, лакомо, нападно, се општо познати животински навики водени од животински инстинкти, кои за жал се и човечки.

Тие се дел од животинското во човекот.

А, во што е суштината?

Суштината е во човечноста!?



Слика 1: Илегални мигранти откриени во близина на границата

Picture 1: Illegal immigrants detected near the border

Идеалите на човечноста кои се содржани во сите религии се стремат за човекот да не лаже, да не краде, да не убива...

Идеалите на човечноста се стремат да го истераат животинското од човекот. Идеалите на човечноста се стремат човекот да го направат човек.

Па така, човекот водејќи се од идеалите на човечноста, криминалот како современ сублимат на животинските инстинкти во човекот, го претставил како едно од најголемите зла на неговото современо општество, со кое се нарушува мирот и безбедноста на човекот како граѓанин и се загрозуваат општествените односи и општата социјалната сигурност.

Оттука доаѓа и целокупната современа општествена потреба за истражување на криминалот, неговите видови и типови, појавните облици со нивните феноменолошки и етиолошки карактеристики, сè со цел да се изнајде адекватна и целисходна методологија и тактика на постапување во борбата за негово откривање, расветлување и сузбивање. Па така од повеќе теоретичари направени се повеќе поделби на појавните облици на криминалот, од коишто се издвоени повеќе видови и типови на криминал. Притоа некои од теоретичарите при поделбата ка криминалот по видови и типови се воделе доста близу до националното законодавство на сопствената држава, а други пак при поделбата на криминалот истиот го гледале од пошироко – глобално ниво.

Секако дека кај секој од теоретичарите постои аргументирано оправдување за неговото гледиште на криминалот, коешто како такво било тесно поврзано и со актуелните општествени политички, социјални, економски и културолошки гледишта и состојби. Некои од нив повеќе се задржале на етиологијата на појавните облици на криминалот, некои пак на феноменологијата, некои пак се задржале на обемот на криминалот во општеството, а други пак на неговиот интензитет. Сепак, од ова, слободно може да се каже дека истражувањето на криминалот во сите општества наоѓа аргументирана општествена оправданост, независно од неговите мотиви и цел.

Па така, и во Република Македонија постојат повеќе истражувања на криминалот во коишто истиот, во зависност од мотивите и целта на истражувањето, е поимно определен на повеќе начини, со јасна видова и типолошка поделба. Под оваа капа, како тип на криминал, свое место наоѓа и прекуграничниот криминал, за којшто слободно може да се каже дека е сè уште

недоволно истражуван во сите негови сегменти, поаѓајќи од неговите појавни облици, обем, интензитет и завршувајќи со методите на негово откривање и специфичностите во криминалистичката тактика и техника во борбата против него.

Поаѓајќи од ова, со разработката на темата на овој труд, ќе се направи обид за утврдување на обемот, интензитетот и појавните облици на прекуграничен криминал на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија во периодот од 2005 година до 2011 година, како и методите на негово откривање со примена на современите криминалистичко-тактички стандарди во работата и современите криминалистичко-технички средства и опрема.

# Глава I.

# Поим за прекуграничен криминал

## 1.1. Прекуграничниот криминал – како поим

Прекуграничниот криминал како тип на криминал во општеството, од историски гледан аспект, теоретски постои уште од многу одамна, но колку истиот е истражуван и имало општествена потреба за истиот да се истражува е прашање коешто посебно треба да се одговори. Гледајќи во таа насока, може да се увиди дека досега теоретичарите и не му обрнале некое значајно внимание на овој вид на криминал, за што и може да се најде одредено оправдување во општествената потреба за поконкретно определување и изучување на овој тип на криминал. Имено, ако општествената потреба е олицетворение на политичко-општествениот систем, најбитен фактор за определување на општествената потреба била моменталната социјална, економска, а пред сѐ политичка состојба во општеството.

Па така, доколку од една страна го земеме фактот дека современата криминалистичка и криминолошка теорија, како во светот, така и во РМакедонија, најголемиот свој современ подем го имала во поствоениот период на минатиот век (се мисли на периодот по завршувањето на Втората светска војна), а од друга страна го земеме фактот дека речиси секаде, во сите земји во светот, во овој период обезбедувањето на државната граница беше извршувано од страна на армијата, може да се извлече и еден неформален и неофицијален заклучок поврзан со слаботo изучување и истражување на прекуграничниот криминал во овој период.

Имено, најголемиот број од светските криминолози и криминалисти, во својата работна кариера, а и во своите трудови, истражувања и останата научна работа, се значително повеќе поврзани кон полициската сфера на општествено безбедносно делување, отколку кон армијата и нејзината сфера на општествено безбедносно делување. Исто така, во овој временски период, постоеле и разни глобално политички превирања (како што е Студената војна), коишто имале огромно влијание врз гледиштето на општествената безбедност.

Можеби и токму затоа, во овој временски период, во којшто контролата над границата била во рацете на армијата, настаните за коишто денес можеме да кажеме дека се дел од прекуграничниот криминал, во тој временски период биле на друг начин безбедносно третирани (коешто нешто во најголем дел останало тајно и до денешен ден).



Слика 2: Откриено огнено оружје на граничниот премин Деве Баир

Picture 2: Discovered firearms at the border crossing point Deve Bair

Затоа, за изучувањето на прекуграничниот криминал во светската криминалистичка теорија, слободно може да се каже дека својот најголем подем го има во периодот по завршувањето на Студената војна,[1] кога во европските држави постепено обезбедувањето на државната граница почна да поминува од рацете на армијата во рацете на полицијата.

Па така во периодот по 1991 година, одржани се повеќе меѓународни конференции на коишто е разговарано во врска со проблематиката на прекуграничниот криминал, при што се направени и првите посериозни обиди за негово современо дефинирање.

[1] Неофицијално за крај на Студената војна се смета 1991 година – www.wikipedia.org

Паралелно со напредокот на теоријата за прекуграничниот криминал, во овој период на европско тло се случија и уште неколку глобални општествени промени, како што се создавањето на Европската унија[2] и стапувањето на сила на Шенгенскиот договор (Шенгенската зона)[3] коишто како такви беа во ист развоен правец со развојот за теоријата за прекуграничниот криминал.

Секако, во овој период развојот на теоријата за прекуграничниот криминал, покрај својот напредок се соочи и со одредени свои предизвици, како од функционална природа на безбедносните структури во државите задолжени да се борат со него, така и со одредени свои предизвици од криминолошко-феноменолошки карактер, насочени пред сѐ кон современата потреба за соодветна општествена борба кон одредени појавни облици на прекуграничниот криминал, како што се трговијата со луѓе, трговијата со бело робје и слично, коишто како такви, пратејќи ги современите цивилизациски промени, за краток временски период станаа големо општествено зло.

Сепак, гледано од градациска гледна страна како на тој временски период, на развој на теоријата за прекуграничниот криминал, така гледано и од градациска гледна страна на сижето на овој труд, како првичен предизвик се појавува потребата за што поадекватно и целисходно дефинирање на поимот „прекуграничен криминал“.

### 1.1.1. Дефинирање на поимот прекуграничен криминал

Дефинирањето на поимот „прекуграничен криминал“[4] во криминалистичката теорија е процес којшто е трпи постојани промени, пред сѐ имајќи го предвид фактот што и самата криминалистичка теорија за

[2] Создадена со договорот од Матсрихт, Холандија, 07.02.1992 година – www.europa.eu
[3] Којшто стапи на сила во јули 1995 година, 10 години по неговото потпишување во 1985 година - www.wikipedia.org
[4] Во современата криминолошката теорија многу често поимот „прекуграничен криминал“ се заменува со поимот „транснационален криминал“. Инаку станува збор за една иста област, којашто во конкретниот случај се разликува само во именувањето. За повеќето гранични полициски служби во Југоисточна Европа, поприфатлив и почесто применуван, употребуван е поимот „прекуграничен криминал“, за разлика од поимот „транснационален криминал“. Граничната полиција на Република Македонија, во својата работа најчесто го употребува поимот „прекуграничен криминал“.

прекуграничниот криминал е во постојано современо развивање и менување, коешто нешто е насочено кон разбирањето на новите и современи облици на прекуграничен криминал и нивното загрозувачко влијание кон безбедноста во општеството.

Секојдневно организираните криминални групи (коишто делуваат на меѓународно ниво) изнаоѓаат нови начини за нивно делување и со тоа ги усовршуваат методите и начините на извршување на кривичните дела поврзани со прекуграничен криминал, што самото по себе може да резултира и со појава на нов облик на прекуграничен криминал.[5]

Затоа, и во криминалистичката теорија постојано сме сведоци за изнаоѓање на нови начини на дефинирање на прекуграничниот криминал.

Притоа едни од теоретичарите во своите дефиниции поголем аспект даваат на општествената загрозеност од прекуграничниот криминал, други пак повеќе се осврнуваат на определувањето на појавните облици на прекуграничниот криминал и трети пак најголем аспект даваат на глобалното влијание на прекуграничниот криминал.

Но, сепак, од сите овие начини на дефинирање на прекуграничниот криминал, генерално може да се издвојат потесна и поширока дефиниција за прекуграничниот криминал:

Според потесната дефиниција:

„Прекуграничен криминал претставува вршење на противправно дејство, коешто се извршува со поминување на државната граница, и кое како такво е предвидено како казниво во кривичниот закон на државата".

Според поширокага дефиниција:

[5] Најсвеж пример за појава на современ и нов појавен облик на прекуграничен криминал во РМакедонија, е „појавата на злоупотреба на безвизниот режим на Р.Македонија со земјите-членки на Европската унија и Шенгенскиот договор". Во овој нов појавен облик на прекуграничен криминал, одредени криминални структури, познавајќи ја регулативата и стандардните процедури за постапка при барање на азил во поголемиот дел од земјите-членки на ЕУ, и искористувајќи ја тешката социјална положба на одредени граѓани на РМакедонија, започнаа да поттикнуваат граѓани за да бараат азил во земјите-членки на ЕУ, при што истите преку организирање, транспорт и засолнување на лажните емигранти, на лесен начин успеаја да дојдат до лесна и значителна заработувачка. Со ова истите создадоа нов појавен облик на прекуграничен криминал, којшто со своето негативно , покрај тоа што го нарушува меѓународниот углед на Р.Македонија, може да резултира со укинување на безвизниот режим за граѓаните на Р Македонија.

„Прекуграничен криминал претставува збир од противправни дела што се определени како кривично или прекршочно казниви со правниот поредок во државата и коишто како такви се извршуваат со поминување на државната граница“.




Слика 3: Откриена дрога во пневматици од возило

Picture 3: Discovered drugs in vehicle tires

Со ова може да се забележи дека, во потесната дефиниција, како прекуграничен криминал се определуваат само делата предвидени како такви со кривичното законодавство, а според поширокaта дефиниција како прекуграничен криминал, покрај кривичните дела, се опфатени и делата на „прекуграничната деликвенција“, т.е. прекуграничните прекршочни противправни дела.

Со ова неминовно се појавува потребата за определување на поимот на прекуграничниот криминал, со цел за да се увиди дали има потреба за разграничување на поимите „прекуграничен криминал“ и „прекугранична деликвенција“, или пак е поцелисходно во борбата против нив истите да бидат опфатени во единствен поим.

### 1.1.2. Определување на поимот прекуграничен криминал

Земајќи ги предвид горенаведените потесна и поширока дефиниција за прекуграничниот криминал, може да се каже дека суштинската разлика помеѓу овие две дефиниции е во тоа што во поширокота дефиниција, покрај тоа што се опфатени противправните дела коишто се предвидени како казниви во кривичниот законик на државата, опфатени се и противправни дела коишто во својата природа се многу блиски до казнивите дела од кривичниот законик, но истите како такви при начинот на нивно извршување немаат таква тежина како кривичните дела и затоа се предвидени како прекршочни дела во неколку закони коишто го регулираат работењето на државните органи задолжени за обезбедување на државната граница.[6]

Оттука доаѓа и главниот предизвик во определувањето на поимот на прекуграничниот криминал, а тоа е:

- Дали поимот за прекуграничниот криминал треба во себе да ги содржи само делата од прекуграничниот криминал што како такви се опфатени само во кривичниот законик, или пак,

- Поимот за прекуграничен криминал треба во себе да ги опфаќа сите противправни дела коишто се извршуваат со поминување на државната граница и коишто како такви се предвидени како казниви и како кривични дела и како прекршоци.

Во теоријата и практиката за борбата против прекуграничниот криминал постојат повеќе издржани ставови и тврдења коишто стојат во одбрана и на двете горенаведени гледишта за поимот на прекуграничниот криминал.

Според едните ставови и тврдења кои стојат во одбрана на второто гледиште, проучувањето на прекуграничниот криминал би било посеопфатно, целосно и целисходно доколку под поимот прекуграничен криминал, покрај кривичните дела коишто можат да се сфатат како прекуграничен криминал, под

[6] Пред сè станува збор за прекршочни противправни дела предвидени во Законот за гранична контрола и Царинскиот закон, како и во неколку други закони.

поимот прекуграничен криминал се сфатат и бидат опфатени и настаните коишто по својата природа се прекршочни дела и како такви и припаѓаат на прекуграничната деликвенција.



Слика 4: Криумчарење на цигари на граничен премин – сокриени под облеката на лицето

Picture 4: Smuggling of cigarettes at the border crossing point - hidden under clothing of the person

Од друга страна пак, постојат и аргументирани ставови и тврдења, коишто стојат во одбрана и на првото гледиште, а коишто како такви сметаат дека проучувањето на прекуграничниот криминал, под поимот прекуграничен криминал треба да се сфаќа и да бидат опфатени само настаните коишто по својата природа се предвидени како кривични дела, при што е потребно да се прави јасна разлика помеѓу поимите прекуграничен криминал и прекугранична деликвенција. Според истите, оваа поделба е далеку попредметна и поцелисходна, пред сè земајќи го предвид фактот, дека и самите кривични дела коишто како такви се опфатени во поимот прекуграничен криминал, имаат

доволно голем безбедносно-загрозувачки карактер, со што проучувањето на прекуграничната деликвенција, заедно со прекуграничниот криминал, би било беспредметно, односно истото само би го дефокусирало вниманието и би го забавувало процесите за проучување на што потешките дела, организираните форми и новите појавни облици на прекуграничниот криминал, коишто како такви треба да претставуваат примарна и основна цел во проучувањето на прекуграничниот криминал.

Земајќи го предвид горенаведеното, во теоријата и практиката се појавуваат и две дефиниции за поимот прекуграничен криминал, коишто се поврзани со горенаведените гледишта, и тоа;

- Според првото гледиште:

Поимот прекуграничен криминал се дефинира како збир од противправни дела коишто како такви се определени како кривични дела, и коишто се извршуваат со нелегална активност при поминување на државната граница, и

- Според второто гледиште:

Поимот прекуграничен криминал се дефинира како збир од противправни дела коишто како такви се определени како казниви (кривични дела и прекршоци), и коишто се извршуваат со нелегална активност при поминување на државната граница.

За тоа која од наведените две групи на ставови и тврдења за определување на поимот прекуграничен криминал е поприфатлива, во безбедносната пракса постојат оправдани аргументи коишто стојат на страната и на првата и на втората група на ставови и тврдења.

Притоа, слободно може да се каже дека во определувањето на прифатливоста на наведените ставови и тврдења, многу битен фактор претставува и моменталната општествено безбедносна состојба и проценка за изложеноста на негативните и безбедносно загрозувачки влијанија на прекуграничниот криминал врз државата. Па така, доколку државата е што

поизложена на изразено негативни и безбедносно загрозувачки влијанија на некој вид на прекуграничен криминал, за истата поприфатливи би биле ставовите и тврдењата од втората група за определување на поимот на прекуграничен криминал,[7] од една страна, и од друга страна пак, доколку државата е помалку изложена на негативни и безбедносно загрозувачки влијанија од прекуграничниот криминал, за неа сè поприфатливи би биле ставовите и тврдењата од првата група за определување на поимот за прекуграничен криминал.

Секако во овој контекст, значително влијание има и моменталната безбедносно криминогена состојба во државата. Па така слободно може да се каже дека доколку во државата постои безбедносно криминогена состојба во којашто државата тешко се справува со криминалот и криминалните групи, во тој случај во истата треба да се очекуваат и голем број настани на извршување на прекуграничен криминал.

Во праксата сите поголеми криминални групи, независно од начинот на нивното делување и видот на криминал којшто истите го извршуваат при своето криминално битствување, во одредени моменти и за одредени свои потреби, вршат одредени дела коишто како такви можат да се окарактеризираат како прекуграничен криминал.

Затоа, на крај од определувањето на поимот на прекуграничен криминал, како најприфатлива дефиниција за истиот, е дефиницијата според којашто:

- Под поимот прекуграничен криминал се подразбира секое нарушување на законот со коешто се инволвира повеќе од една држава, во сите фази од настанот – планирање, подготвување, извршување и директно или индиректно влијание (почувствување на ефектите) од самиот настан.[8]

[7] За државите коишто имаат безбедносни проблеми, затоа што истите се наоѓаат на глобални „рути“ на криумчарење на мигранти, трговија со дрога, оружје, или пак имаат големи закани од терористички активност, поприфатливи се ставовите и тврдењата за определување и проучување на поимот за прекуграничен криминал, во којшто ќе бидат опфатени само настаните што можат да се карактеризираат како кривични дела.

[8] Оваа дефиниција е усвоена на деветтиот конгрес на Обединетите нации за „Превенција од криминал и постапка со осомничени“ – одржан во Каиро, Египет, 1995 година.

## 1.2.Односот на прекуграничниот криминал со другите видови на криминал

Имајќи го предвид горенаведеното при определувањето на поимот за прекуграничниот криминал, слободно може да се заклучи дека прекуграничниот криминал како тип на криминал има тесни врски со сите видови на криминал, при што кај сите видови на криминал можат да се пронајдат одредени противправни дела коишто како слободно може да се каже дека се прекуграничен криминал.



Слика 5: Криумчарење на мигранти – сокриени во товарниот дел на возилото

Picture 5: Smuggling of migrants - hidden in the cargo area of the vehicle

Речиси сите ние сме запознаени дека:

- во организираниот криминал шверцот на наркотичните средства организирано се извршува преку негово криумчарење преку државната граница;
- во класичниот криминал, многу често украдените предмети, пари и возила, многу често се пренесуваат во странска држава;

- во криминалот на белите јаки, најчесто паричните средства добиени од даночни затајувања и перење на пари нелегално се пренесуваат во странски банки, и

- во криминалот против државата, речиси сите терористички организации во одредени фази на своето делување, вршат активности од прекуграничниот криминал (криумчарење на оружје, илегално поминување на државната граница и слично).

Но, сепак, иако од горенаведеното се гледа дека прекуграничниот криминал како тип на криминал има свои врски со сите видови на криминал, сепак природно е да се очекува дека таквите негови врски не се од ист карактер и суштина, при што може да се очекува врските на прекуграничниот криминал со одреден вид на криминал многу да се поконкретни и суштински поблиски отколку со друг вид на криминал.

### 1.2.1. Прекуграничниот криминал и организираниот криминал

Поаѓајќи од теоретските дефиниции на прекуграничниот криминал како тип на криминал и организираниот криминал како вид на криминал, и поврзувајќи ги истите со можните реални сценарија на извршување на прекуграничниот криминал, може да се заклучи дека, прекуграничниот криминал како тип на криминал поседува значително блиски врски и елементи со организираниот криминал како вид на криминал.

Па така, доколку од една страна се земе предвид дефиницијата за организираниот криминал според која: „Организиран криминал претставува вид на криминал во којшто 3 и повеќе лица се имаат здружено со цел за да извршат најмалку кривично дело“[9] и од друга страна се земе предвид едно можно практично сценарио за извршување на кривично дело „Криумчарење на мигранти“, во коешто би се претпоставило дека за време на извршувањето на кривичното дело, криумчарењето на емигрантите ќе се изврши на тој начин што од страна на едни лица (странски државјани) од соседната држава,

[9] Кривичен законик на РМ (Службен весник на Република Македонија бр.37/96)

емигрантите ќе бидат донесени во близина на самата гранична линија, од страна на други лица (наши државјани), емигрантите ќе бидат внесени во територијата на нашата држава, за понатаму од трети лица емигрантите да се транспортираат понатаму кон нивната крајна дестинација, може да се заклучи дека во извршувањето на ова кривично дело од прекуграничниот криминал, како тип на криминал, се вклучени три и повеќе лица, со што за истото како кривично дело слободно може да се каже дека претставува форма на организирано криминално делување и со тоа истото да се опфати во организираниот криминал како вид на криминал.

Секако ваква теоретско-сценариски практична поврзаност на кривичните дела од прекуграничниот криминал со организираниот криминал, може да се направи и со останатите карактеристични кривични дела од прекуграничниот криминал, при што во одредено сценарио на криумчарење на наркотични средства, слободно може да се претпостави постоење на лице испраќач на наркотичните средства (од едната страна на границата), лице транспортер-криумчар на наркотичните средства, и лице примач на наркотичните средства од другата страна на границата, со што повторно и во овој пример може да се заклучи дека во извршувањето на кривичното дело се вклучени најмалку три и повеќе лица.

Силната поврзаност на прекуграничниот криминал како тип на криминал и организираниот криминал како вид на криминал ја истакнува и самата Конвенција на Обединетите нации, за транснационален организиран криминал, каде што особен акцент се става на организираните форми и појавни облици на прекуграничен криминал[10].

Така на пример, при настан на откриено криумчарење на цигари, во којшто како извршител е откриено едно лице, коешто се обидело одредена количина на акцизна стока – цигари (без заштитна маркица – бандерола) да ја прокриумчари преку граничниот премин, криејќи ги цигарите во багажникот од својот автомобил, покрај тоа што како извршител на прекуграничниот криминал, имаме едно лице (со што овој настан не може да биде окарактеризиран како организиран криминал), сепак во суштината на настанот

[10] Конвенција на Обединетите нации за „Транснационален организиран криминал“ и нејзините протоколи, објавена во Њујорк, 2004 година.

постојат одредени силни индикатори коишто ни говорат дека овој настан е силно поврзан со одредена форма на организиран криминал.



Слика 6: Криумчарење на цигари на зелената граница – натоварени на тракторска приколка

Picture 6: Smuggling of cigarettes at the green border - loaded on a tractor trailer

Имено, во настанот се откриени цигари – без бандерола, за коишто постои голема веројатност дека се изработени на нелегален начин од страна на трети лица, на непозната локација, од коишто лица сторителот на прекуграничниот криминал, истите ги набавил, потоа со можна помош на друго лице цигарите ги сокрил во багажниот простор на своето возило, за да на крај цигарите ги однесе во соседната држава, каде што истите ќе ги предаде на одредено лице, коешто истите ќе ги растури во малопродажба. Притоа и во самиот настан не се исклучува сомнението дека е можно сторителот на прекуграничниот криминал да е само извршител на нарачка на пратка на цигари без бандерола, за одредени поголеми криминални шефови, при што е можно цигарите во конкретниот настан и да не се набавени од негова страна, туку дека е можно истите да му се дадени само за истиот да ги пренесе преку државната граница со своето возлило, при што истиот за таа своја услуга би добил одреден паричен надоместок.

Со описот на овој настан на прекуграничен криминал, всушност и на практичен начин се потврдува горенаведеното тврдење дека постои силно сомнение со којшто секој поединечен настан на прекуграничен криминал може да се каже дека е можен дел од одредена форма на организиран криминал.

### 1.2.2. Прекуграничниот криминал и класичниот криминал

Водејќи се од статистичките податоци од откриените кривични дела на граничните премини, во коишто во најголем дел станува збор за процесирани кривични дела против еден сторител, може да се воспостави теоретска поврзаност на прекуграничниот криминал со класичниот криминал. Ваквата поврзаност пред сè се поткрепува врз основа на индициите коишто постојат кај овие кривични дела, кај коишто во најголемиот дел од нив се потврдува дека станува збор за кривични дела сторени од страна на едно лице и само за стекнување на негова имотно-правна корист.

Во овој контекст, како најчести кривични дела се јавуваат криумчарењето на акцизна стока (цигари и алкохол), како и криумчарењето на трговска стока (текстилна роба за широкиот пазар, текстилна роба од заштитни брендови, ситна бела техника, компјутерски делови, мобилни телефони и слично), при што како главна карактеристика при modus operandi кај овие кривични дела е тоа што сторителот на кривичните дела, предметите наменети за криумчарење, на најлегален начин ги купува – набавува во соседната земја, за потоа откако истите со криумчарење ги внесе во другата земја, сам да ги понуди и ги продаде на пазарот, притоа остварувајќи имотна корист само за себе.

Кога зборуваме за индициите кај овие кривични дела, не можеме да ги исклучиме и индициите коишто овие кривични дела повеќе ги поврзуваат со организираните форми на прекуграничен криминал, во коишто покрај лицето коешто го врши непосредното криумчарење на стоката (предметите) преку граничниот премин, постојат и други лица коишто се вклучени во наведената активност, како понатамошни складирачи, пренесувачи и препродавачи на

наведената стока, коишто на директен или на индиректен начин се вклучени во наведените активности, и со тоа овие индиции поврзани со конкретното кривично дело, повеќе истото го поврзуваат со организираниот вид на криминал, отколку со класичниот вид на криминал[11]. Секако, за докажување и процесирање на овие индиции како кривични дела од организираниот вид на криминал, се потребни поопсежни и покомплексни истраги, за коишто како такви е потребно подолго време за нивна реализација и истите се значително потешки за докажување, отколку индициите коишто овие кривични дела го поврзуваат со класичниот криминал.

Кога веќе говориме, за поврзаноста на прекуграничниот криминал како тип на криминал со класичниот криминал како вид на криминал, треба да се напомене и една друга нивна суштествена врска, на којашто укажуваат одредени индиции коишто постојат кај откриените кривични дела во праксата, а тоа се индициите коишто говорат дека кај голем број кривични дела од класичниот криминал (пред сѐ кај кражбите), постои можност за појава на одредена нивна прекугранична димензија. Имено, постојат индиции коишто говорат за тоа дека во одредени настани (кривични дела) на кражби, предметите што биле украдени од тие кражби, биле на нелегален начин изнесени во преку границата во странство. Во овој контекст пред сѐ се мисли на кражбите на скапоцени камења, скапоцен накит, скапоцени предмети, уметнички дела и слично, коишто најчесто после кражбите завршуваат на црниот криминален пазар во некои од поразвиените земји.

Исто така постојат и потврдени индиции, којшто говорат за тоа дека голем број убијци, силувачи и сторители на останати кривични дела од класичниот криминал, по сторувањето на кривичното дело успеваат нелегално да ја преминат државната граница и со тоа да избегаат од очите на правдата.

[11] На ваква блиска поврзаност помеѓу прекуграничниот (транснационалниот) криминал сугерира и Конвенција на Обединетите нации за „Транснационален организиран криминал“ и нејзините протоколи, објавена во Њујорк, 2004 година. Во самиот текст од Конвенцијата и во нејзините протоколи за цело време, прекуграничниот (транснационалниот) криминал и се разгледува како форма на организирано делување на одредена криминална група.

### 1.2.3. Прекуграничниот криминал и криминалот на белите јаки

За поврзаноста на прекуграничниот криминал како тип на криминал, со криминалот на белите јаки како вид на криминал, иако првично може да се каже дека не постои директно одредена голема поврзаност, сепак во праксата постојат настани на откриени кривични дела, чии што индиции укажуваат токму на силна индиректна поврзаност на криминалот на белите јаки како вид на криминал, со прекуграничниот криминал како тип на криминал[12].

Според modus operandi кај овие кривични дела, во најголем број случаи станува збор за индиции во настани на криумчарење на парични средства стекнати од некое од кривичните дела поврзани со криминалот на белите јаки (како што се даночните затајувања, злоупотребите, послужувањата), коишто парични средства како своја крајна дестинација ја имаат одредената држава во којашто криминалната група, или сторителот на кривичното дело има своја банкарска сметка, или истиот во државата, планира истите да ги испере. Во овој контекст, покрај парични средства како елемент на криумчарењето, може да станува збор и за останати вредни предмети (злато, уметнички дела и слично) коишто се во сопственост на одредено правно лице (фирма), а коишто како такви, со нивното нелегално изнесување од страна на сторителот на криумчарењето се врши злоупотреба на службената должност и овластување, како кривично дело од областа на криминалот на белите јаки.

За поврзаноста на прекуграничниот криминал како тип на криминал и криминалот на белите јаки како вид на криминал, постојат и индиции коишто укажуваат на нелегално изнесување на моторни возила (со поголема парична вредност) во сопственост на правни лица, коишто моторни возила од страна на возачите на тие возила (вработени во правното лице), во странство најпрво се продавани на одредени криминални структури, за потоа истите да бидат пријавени како украдени во полициските служби. Секако возилата не се пронаоѓаа, а лицата – возачите, паричните средства од продажбата ги задржуваа за себе. Притоа како оштетени странки во овие настани, или се

[12] Овде пред сѐ станува збор за „Перењето на пари“ како форма на организирано извршување на кривични дела, којашто како таква доста често има своја прекугранична димензија (со изнесување на криминалните парични средства во странски држави).

правните лица, во чија што сопственост се возилата, или пак осигурителните компании во коишто таквите возила се каско осигурени.

### 1.2.4. Прекуграничниот криминал и криминалот против државата

Поврзаноста на криминалот против државата како вид на криминал и прекуграничниот криминал како тип на криминал е доста голема и во практични рамки на откривање на кривични дела коишто можат да се определат како криминал против државата, таквата поврзаност е и доста суштествена. Во размислувањето за можната индициска сеопфатност при опишувањето на modus operandi кај било кое кривично дело од криминалот против државата, речиси и да не може да се замисли некое кривично дело кај коешто не може да се претпостави одредена негова меѓународна димензија.



Слика 7: Криумчарење на огнено оружје на граничен премин – најдено при претрес на возило

Picture 7: Smuggling of firearms at the border crossing point - found during inspection of a vehicle

Слободно може да се каже дека речиси сите или најголемиот број кривични дела коишто можат да се окарактеризираат како криминал против

државата, имаат своја меѓународна димензија и истите како такви можат да бидат поврзани директно или индиректно со прекуграничниот криминал како тип на криминал.

Општо познато е дека делата на тероризам (како најизразено кривично дело од групата на кривични дела коишто спаѓаат во криминалот против државата – како вид на криминал), се најчесто организирани од страна на странски терористички организации, коишто доста често делуваат и многу пошироко во меѓународни рамки, при што речиси сите нивни активности слободно можеме да ги поврземе со прекуграничниот криминал. Па така, оружјето коешто го користат овие терористички организации, постојано или секојпат го криумчарат преку граница, одредени свои членови коишто се барани преку потерница, постојано илегално се префрлаат преку граница, паричните средства коишто им се потребни за извршување на терористичката активност исто така се криумчарат преку државната граница и слично.

Ваквата силна поврзаност на прекуграничниот (транснационалниот) криминал со криминалот против државата ја потврдува и конвенцијата на Обединетите нации за транснационален (прекуграничен) криминал и нејзините протоколи, каде што и терористичките групи и нивни активности се третирани со иста важност како и со останатите појавни облици на транснационален (прекуграничен) криминал.[13]

Секако, во контекст на поврзаноста на активностите на терористичките организации со прекуграничниот криминал, треба да се споменат и нивните таканаречени секундарни криминални активности, со коишто тие вршат свое обезбедување на финансиски средства за свое делување. Општо познато е дека многу од терористичките организации со цел за да обезбедат финансии за свое делување, се вклучени во меѓународниот шверц со дрога и оружје, трговијата со луѓе, и речиси во сите криминално исплатливи меѓународни активности. Сите овие меѓународно исплатливи криминални активности, во својата суштина се извршуваат преку државната граница и истите како такви се дел од суштината на прекуграничниот криминал.

[13] Конвенција на Обединетите нации за „Транснационален организиран криминал“ и нејзините протоколи, објавена во Њујорк, 2004 година.

Од друга страна пак, исто така кога станува збор за поврзаноста на криминалот против државата како вид на криминал и прекуграничниот криминал како тип на криминал, не може, а да не се спомнат разните разузнавачки активности организирани од страна на странски разузнавачки служби, коишто како такви имаат одредени негативни цели кон државата.

Па така, за реализација на овие нелегални разузнавачки активности, разузнавачките служби честопати знаат да се вмешаат во некои активности коишто како такви можат да се окарактеризираат како дела на прекуграничен криминал. Овде пред сè се мисли на криумчарењето на пропагандниот криминал наменет за одредено подривање на демократијата во државата, како и пренесувањето и доставата на доверливите информации и документи што разузнавачката служба ги обезбедила при својата работа (а истите од друга страна се можен елемент на кривично дело против државата), честопати знаат преку криумчарски начин да бидат изнесени од државата.

# Глава 2. :

# Определување на истражувањето на прекуграничниот криминал

## 2.1. Мотиви за истражувањето на прекуграничниот криминал

Општо познато е дека криминалот претставува едно од најголемите општествени зла, со кое се нарушува мирот и безбедноста на граѓаните и се загрозуваат општествените односи и социјалната сигурност во државата. Оттука доаѓа и целокупната современа општествена потреба за истражување на криминалот, неговите видови и типови, појавните облици со нивните феноменолошки и етиолошки карактеристики, сѐ со цел да се изнајде адекватна и целисходна методологија и тактика на постапување во борбата за негово откривање, расветлување и сузбивање.

Па така од повеќе теоретичари направени се повеќе поделби на појавните облици на криминалот, од коишто се издвоени повеќе видови и типови на криминал. Притоа некои од теоретичарите при поделбата на криминалот по видови и типови се воделе доста близу до националното законодавство на сопствената држава, а други пак при поделбата на криминалот истиот го гледале од пошироко – глобално ниво.

Секако дека кај секој од теоретичарите постои аргументирано оправдување за неговото гледиште на криминалот, коешто како такво било тесно поврзано и со актуелните општествени политички, социјални, економски, културолошки состојби.

Некои од нив повеќе се задржале на етиологијата на појавните облици на криминалот, некои пак на феноменологијата, некои пак се задржале на обемот на криминалот во општеството, а други пак на неговиот интензитет. Сепак, од ова слободно може да се каже дека истражувањето на криминалот во сите општества наоѓа аргументирана општествена оправданост, независно од неговите мотиви и цел.




Слика 8: Криумчарење на цигари на зелената граница – откриени во близина на граничната линија, натоварени во теренско возило

Picture 8: Smuggling of cigarettes at the green border - discovered near the border line, loaded in SUV

Па така, и во Р Македонија постојат повеќе истражувања на криминалот, со коишто истиот во зависност од мотивите и целта на истражувањето, е поимно определен на повеќе начини, со јасна видова и типолошка поделба. Под оваа капа, како тип на криминал, свое место наоѓа и прекуграничниот криминал, за којшто слободно може да се каже дека е сè уште недоволно истражуван во сите негови сегменти, поаѓајќи од неговите појавни облици, обем интензитет и завршувајќи со методите на негово откривање и специфичностите во криминалистичката тактика и техника во борбата против него.

Поаѓајќи од ова, со разработката на темата на овој труд, ќе се направи обид за утврдување на обемот, интензитетот и појавните облици на прекуграничен криминал на државната граница на Р Македонија со Р Бугарија во периодот од 2005 година до 2011 година, како и методите на негово откривање со примена на современите криминалистичко-тактички стандарди во работата и современите криминалистичко-технички средства и опрема.

Потребата за истражување на прекуграничниот криминал, во последните неколку години исто така, наоѓа значајна општествена оправданост, пред сè поради тоа што борбата со овој вид на криминал претставува значајно поглавје од евроинтеграцискиот процес на Р Македонија, коешто во голема мерка се

следи и набљудува од страна на институциите на Европската унија, а за што говорат и неколкуте оценски мисии што беа реализирани од страна претставници на Европската комисија коишто, меѓу другото, вршеа и оценување на напредокот на Р Македонија во борбата против прекуграничниот криминал и работните задачи и практики што во тој контекст ги спроведува и реализира граничната полиција.[14]

Покрај тоа, сметам дека оваа тема ќе претставува добар прирачник во работата, како на секој инспектор за прекуграничен криминал, така и на секој останат полициски службеник во граничната полиција на Р Македонија. Со истиот ќе се направи обид за феноменолошко разграничување на прекуграничниот криминал од останатите видови на криминал во општеството, по што ќе бидат утврдени и сите типови на прекуграничен криминал во согласност со КЗ на РМ. Откако ќе се утврдат сите поединечни типови на прекуграничен криминал, со утврдување на нивните појавни облици, ќе бидат разработени и методиките на откривање на овој вид на КД, што како такви биле преземени и реализирани од страна на граничната полиција.

## 2.2. Предмет на истражувањето на прекуграничниот криминал

Главен предмет на истражувањето е „Прекуграничниот криминал“ и неговото поимно определување и разграничување од останатите појавни облици на криминал во општеството. Во овој контекст, покрај тоа што ќе се направи дистинкција помеѓу типичните кривични дела на прекуграничниот криминал и останатите кривични дела, ќе се направи и обид за истакнување и определување на симбиозата помеѓу останатите кривични дела со прекуграничниот криминал, со тоа што кај некои од нив ќе се истакне нивната прекугранична димензија, а кој други пак можната прекугранична факторска и етиолошка суштина.

[14] Ова пред сè се однесува на поглавјето 24 (Правда, слобода и безбедност) од пристапните преговори кон ЕУ. Доста голем дел од поглавјето 24 – Правда, слобода и безбедност, опфаќаат стандардите поврзани со граничната безбедност, борбата со прекуграничниот криминал, прекуграничната соработка, миграциските прашања, азилот и слично.

Покрај ова, предмет на истражувањето ќе биде и законската регулатива – Кривичниот законик на Република Македонија каде што ќе биде извршено разграничување и разработување на законските одредби, со цел за суштинско определување на деликтите коишто според тие законски одредби го определуваат и одредуваат прекуграничниот криминал, како посебен тип на криминал во општеството.

## 2.3. Цели и задачи за истражувањето на прекуграничниот криминал

Секако, во разработката на темата најпрво ќе се направи криминолошко разграничување на прекуграничниот криминал од останатите видови на криминал во општеството, без притоа да се наштети, запостави и прекине односот што овој вид на криминал го има со останатите видови на криминал. Оттука доаѓа и главниот предизвик на оваа тема:

- Да се разграничи прекуграничниот криминал од останатите видови на криминал;
- Да се прикажат односите помеѓу овој вид на криминал со останатите видови на криминал во општеството;
- Да се истражат оние методи и техники на откривање, коишто како такви даваат најголема ефикасност во справувањето со прекуграничниот криминал;
- Да се даде историска генеза на соработката на Граничната полиција со претставници на странски служби во борбата со прекуграничниот криминал, и
- Да се прикаже непосредното влијание на социо-економската состојба во државите врз вршењето на прекуграничниот криминал.

## 2.4. Хипотези за истражувањето на прекуграничниот криминал

### Генерална хипотеза

Граничната полиција, познавајќи ја природата на прекуграничниот криминал и природата на социо-економските прилики во општеството коишто придонесуваат кон појавување на прекуграничниот криминал, претставува ефикасен дел од интегрираното гранично управување коешто значително придонесува во борбата против прекуграничниот криминал на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија.

### Помошни хипотези

1.Современите методи и техники што граничната полиција во последно време сѐ повеќе ги применува во своето работење, се поцелисходни во борбата против прекуграничниот криминал, за разлика од класичните методи и техники.

2.Прекуграничниот криминал најчесто се јавува како форма на организирано делување на повеќе лица за стекнување на противправна имотна корист и затоа истиот е многу поблизок со организираниот вид на криминал отколку со другите видови на криминал.

3. Прекуграничниот криминал на границата на Република Македонија со Република Бугарија, најчесто се извршува на граничните премини, за сметка на зелениот дел од границата.

## 2.5. Методи и техники за истражувањето на прекуграничниот криминал

Во изработка на трудот ќе бидат користени следниве методи и техники на работа:

- Дескриптивен метод;

- Аналитички метод;

- Историско-компаративен метод,

- Статистички методи и техники, и

- Анкета.

Со обработка на резултатите од анализите на истражувањето и содржините кои влегуваат во темата, ќе се прикаже методиката на откривање на прекуграничниот криминал на границата помеѓу Р Македонија и Р Бугарија, а со тоа и индиректно ќе се прикаже и ефективноста и ефикасноста на граничната полиција на РМакедонија, во борбата со прекуграничниот криминал на оваа граница.

Притоа ќе се утврди дали познавањето на социо-економските состојби во општеството се битен предуслов за спроведувањето на посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал, или пак истите се само еден мал сегмент од планирањето на посебните методи. Исто така со обработката на резултатите ќе се утврди и дали прекуграничниот криминал најчесто се извршува како организирано делување на повеќе лица за стекнување на противправна имотна корист и со тоа истиот е многу поблизок со организираниот вид на криминал, или пак истиот како таков најчесто се јавува како криминално делување од страна на поединци, со што истиот би бил многу поблизок со класичниот вид на криминал.

Покрај ова, со обработката на резултатите ќе се прикаже и напредокот во работата на граничната полиција низ годините, со што ќе се добие реална претстава и предвидување за понатамошното движење на криминалот и останатите девијантни појави поврзани со прекуграничниот криминал на државната граница на РМакедонија со РБугарија.

Исто така, со обработката на овие резултати ќе се види и напредокот на самите полициски службеници коишто како такви биле обучени за работа со новите технолошки средства и методи за откривање на прекуграничен криминал, со што ќе се утврди и нивото на нивната имплементација во секојдневното работење на граничната полиција, а и самата успешност од таа имплементација.

# Глава 3.:

# Етиологија и феноменологија на прекуграничниот криминал и нивното влијание врз определувањето на посебни методи за негово сузбивање

## 3.1. Етиологија на прекуграничниот криминал и нејзиното влијание на посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал

Меѓу народот постои една стара изрека којашто вели дека: „секаде кај што има граници, има и прекуграничен криминал“. И за истата се верува дека е уште од многу одамна.

И истражувајќи така малку послободно низ историјата, може да се заклучи дека горенаведената изрека е точна во целост, при што истата особено се однесува на периодот по 19-тиот век, кога државите отпочнуваат со воведување на царински давачки при трговијата со останатите држави. Па така, трговците со цел да ги избегнат овие давачки, всушност и започнале со извршување на кривични дела коишто можат да се окарактеризираат како прекуграничен криминал.

Овие негативни појави на заобиколување на царинските давачки, државата се обидела соодветно да ги санкционира и така и настанале првите казни за делата на прекуграничен криминал. Со тек на време, согледувајќи ја и уште поголемата опасност од делата на прекуграничниот криминал, државата започнала во рамките на системот со којшто ја обезбедувала државната граница, да презема мерки и за заштита од оваа негативна појава.

Но, за жал, иако се преземале мерки, оваа негативна општествена појава успеала да опстои, при што со текот на времето како што општеството развојно се менувало, така и кај прекуграничниот криминал се појавиле нови негови појавни облици и начини на негово извршување. Затоа, доколку сакаме што подобро да ги разбереме причините за појавата и егзистенцијата на оваа негативна појава во општеството, треба да ги определиме и разграничиме

нејзините етиолошки и феноменолошки карактеристики и со тоа да ја осознаеме етиологијата и феноменологијата на прекуграничниот криминал[15].

Како и сите останати типови на криминал и кај прекуграничниот криминал можат да се претпоставаат одредени етиолошки фактори, коишто влијаат за негово појавување и постојана временска егзистенција. Истите како такви, покрај тоа што влијаат на појавата на прекуграничниот криминал како акт на поединечно криминално делување, а истите како такви влијаат и на појавата на прекуграничниот криминал како акт на организирано криминално делување.

Од друга страна пак кај прекуграничниот криминал кај овие фактори постои една одредена карактеристика, којашто ги одбројува од останатите типови на криминал, а тоа е дека кај овој тип на криминал, етиолошките фактори имаат одредена своја прекугранична димензија. Ваквата прекугранична димензија, се согледува во фактот дека, за да постои прекуграничниот криминал, многу често е потребно да постојат одредени предуслови од другата страна на границата, кои би го иницирале таквото поведение.

### 3.1.1. Поврзаноста на социо-економските состојби во општеството со прекуграничниот криминал и нивното влијание врз посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал

Социо-економските состојби во општеството како фактор којшто влијае врз појавата на прекуграничен криминал, се особено карактеристични на границите помеѓу држави кај коишто постои значајна општествено-економска и социјална разлика, помеѓу стандардите на живеење на граѓаните од едната и од другата страна на границата, при што во овие услови најчесто се создаваат двонасочни криминални конекции помеѓу криминални групи од едната и од другата страна на границата.

---

[15] Стеван Алексоски, „Криминологија“, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“.

Во овие криминални конекции од државата со послаб социо-економски стандард и благосостојба на граѓаните, во којашто постојат значително поевтини продукти отколку од другата страна на границата, се организираат прекугранични криминални активности од групи и поединци, преку коишто на илегален начин во соседната држава се внесуваат продукти, коишто во соседната држава се значително поскапи и со тоа од продажбата на истите може значително да се заработи.



Слика 9: Криумчарење на цигари на граничен премин – сокриени во плинска боца

Picture 9: Smuggling of cigarettes at the border crossing point - hidden in a gas cylinder

Од друга страна пак, од државата со посилен социо-економски стандард, во којашто има поголем избор на нови технички апарати, коишто честопати знаат да бидат со значително пониска цена во споредба со другата држава, овие криминални структури преку вршење на прекуграничен криминал, на илегален начин ги внесуваат овие технички апарати во соседната држава. Бидејќи во оваа држава нивната редовна цена со платени сите давачки кон државата е значително поскапа, овие криминални групи, со спуштање на цената на техничките апарати, коишто се илегално внесени – увезени, на брз и едноставен начин заработуваат значителна сума на пари.

Па така, слободно може да се каже дека со следењето на цените на артиклите за широка потрошувачка од двете страни на границата, полицијата би имала огромна корист, затоа што на тој начин истата би имала релевантни информации за тоа кои артикли поради драстичната разлика на нивните цени од двете страни на границата, во наредниот период би биле интересни за криумчарење од страна на криминалците.

Речиси на сите граѓани од источните погранични краишта им се познати приказните за тоа како во осумдесеттите од Македонија во Бугарија се пренесувале фармерки (коишто тогаш ги немало во Бугарија), шеќер (којшто во Бугарија бил дефицитарен продукт – особено белиот шеќер), како и чоколадни производи (коишто во тоа време во Бугарија, не биле со толку добар квалитет). Понатаму, во деведесеттите, најпрво актуелна станува нафтата, па на сите граѓани од источниот регион им е познат периодот кога од Бугарија во Македонија се внесуваше нафта и бензин (поради драстично поевтината цена во Бугарија, за разлика од Македонија). По овој период следуваше период кога во Бугарија имаше енормна девалвација на бугарската валута – левот, при што македонските граѓани со своите плати можеа да купат во Бугарија, поголем број производи коишто беа за два и повеќе пати поевтини отколку во Р Македонија.

Во периодот на доцните деведесетти години од минатиот век и првите години од овој век, карактеристични беа криумчарењата на млечните производи, од Р Бугарија кон Р Македонија, а во овој период се започнува и со шверцот на цигари (коишто во Бугарија беа поевтини за разлика од Македонија).

По влезот на Р Бугарија во Европската унија, Р Бугарија, мораше да воведе визи за влез на државјаните на Р Македонија, коешто нешто резултираше со намален број патници на граничните премини, а со тоа и намален број кривични дела од прекуграничниот криминал. Во овој период, исто така се бележи и постепено изедначување на цените на продуктите во РБугарија и во РМакедонија, коешто нешто како фактор исто така придонесе за намалување на бројот на кривични дела од прекуграничен криминал.

На крај, по симнувањето на визниот режим од страна на Европската унија, за државјаните на Р Македонија, повторно почна да се зголемува бројот на патници на граничните премини, а со тоа почна де се зголемува и ризикот за случување на кривични дела од прекуграничен криминал. Но сега, после подолг временски период, правецот на криумчарење на продуктите започна да се движи од Р Македонија кон Р Бугарија, затоа што во овој временски период цените на одредени производи значително пораснаа во Р Бугарија, во однос на цените на овие производи во Р Македонија. Ова пред сè се однесува на цените на цигарите кај коишто таа разлика кај цените изнесуваше дури и до два и пол пати поскапа цена на истите во Р Бугарија за разлика од цената на цигарите во Р Македонија, при што доколку цената на најевтините цигари во Р Македонија изнесуваше околу 40 денари, цената на најевтините цигари во Р Бугарија изнесуваше околу 100 денари.

Имајќи ги предвид горенаведените карактеристики на цените на пазарот на разните производи, слободно може да се заклучи дека истите претставуваат еден од клучните фактори коишто постојано треба да се следат од страна на граничната полиција доколку се сака да се постигне што поцелисходна борба со прекуграничниот криминал. Секако ова се однесува, како на цената на легално пуштените производи на пазарот, така и на илегалните производи коишто се наоѓаат на пазарот.

Со утврдувањето на ценовната разлика на производите, на одреден начин се утврдува и правецот на движење на криумчарењето на таргетните производи (кај коишто постои значителна ценовна разлика), од една во друга држава. Па така, доколку се врши предвидување на тоа кои производи во наредниот период би биле од значителен криминален интерес за вршење на прекуграничен криминал, би се знаел и очекуваниот начин или modus operandi на вршење на тој вид на прекуграничен криминал.

Секако, во овој контекст треба да се напомене дека иако кај секое криумчарење постои сокривање на производите со цел за да истите не бидат откриени од страна на царинските и полициските служби на граничните премини, сепак смисловно може да се претпостави дека за очекување е да

постојат одредени разлики кај modus operandi при криумчарењето на различни производи[16].

Затоа, доколку за криумчарење на цигари, е потребен поголем простор во возилото каде што истите ќе бидат сокриени за да се избегне нивно откривање од страна на царинските и полициските служби, за криумчарење на мобилни телефони не е потребен толку голем простор како кај цигарите, затоа што истите се помалку габаритни, а и самото кривично дело е исплатливо и со криумчарење на само неколку (3-4) мобилни телефони.

Оттука слободно може да се каже дека познавањето на овие карактеристики во поглед на габаритноста на производите, е значаен предуслов и за разбирањето на појавните облици на прекуграничен криминал како на граничните премини, така и на зелениот дел од државната граница. Затоа во текстот што следува, ќе ги разгледаме засебно и овие специфични етиолошки карактеристики, со цел за да се добие подобра слика и разбирање на појавните облици на криминал коишто како што веќе заклучивме, се доста тесно поврзани со криминалниот интерес, олицетворен во неговата исплатливост поради големата ценовна различност на производите, од едната и од другата страна на границата.

### 3.1.2. Специфични етиолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница

Кај прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел од државната граница, влијанието на ценовниот дисбаланс помеѓу цените на продуктите од едната и од другата страна на границата, е најважен фактор за определување на појавните облици за прекуграничен криминал. Притоа во овие случаи, карактеристично е тоа што претежно станува збор за погабаритен товар, којшто е потешко да биде сокриен за криумчарење преку граничните

[16] Праксата покажува дека речиси секој вид на стока којашто е предмет на криумчарење, си има свој сопствен „modus operandi“ на извршување на криумчарењето. Кај габаритно помалите предмети постојат повеќе можности за нивно криминално прикривање или камуфлирање, при извршувањето на настани на криумчарење, додека кај габаритно поголемите предмети, прикривањето и камуфлирањето е потешко.

премини. Па така, како појавни облици на криминал, со оваа карактеристика, се среќаваат настани во коишто имаме криумчарење на цигари, со теренски возила, трактори и добиток, како и криумчарење на земјоделски производи на истиот овој начин. Како пресуден елемент за ваквиот појавен облик на прекуграничен криминал е значителната исплатливост од кривичниот настан при ваквото негово извршување, при што со едно илегално поминување, во коешто се прокриумчарува поголема количина на стока (производи), се спечалува поголема сума на пари.

Покрај оваа карактеристика на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница, за истиот карактеристично е и тоа што тој се јавува како почест modus operandi на извршување на кривични дела на „криумчарење на мигранти“ и „трговија со луѓе“, за разлика од прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини, додека пак за кривичните дела „криумчарење на опојни droги“ и „криумчарење на оружје“, истиот е речиси на идентично ниво со прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини.

Сепак, како најголема и најзначајна етиолошка карактеристика на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница, би ја истакнале големата вклученост на лица од месното население во извршување и помагање на сторителите на овие кривични дела.[17] Месното население е најдобар познавач на состојбите на теренот во близина на државната граница, проодноста на патиштата, и останатите географски карактеристики на релјефот коишто можеле да бидат корисни при извршувањето на прекуграничниот криминал (пештери, потоци и слично). Исто така лицата од месното население најдобро ги познаваат и останатите прилики коишто се карактеристични за конкретната област на којашто ќе се извршува криминалната активност, а коишто прилики како такви би можеле да ѝ наштетат на самата криминална активност (движењето на земјоделци по теренот, движењето на добиток со сточари, движењето на шумарите и шумската полиција и други лица кои би можеле да ја известат полицијата за

[17] Шелдон С.Џ. (2009) „Шверц и трговија со луѓе“, Скопје, Академски печат.

криминалната активност). Затоа, неретко повисоките криминални структури, доколку сакаат да извршат криминална активност преку зелениот дел на државната граница, во непосредното извршување директно како извршувачи или индиректно како помагачи, вклучуваат и лица од месното население.

### 3.1.3. Специфични етиолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини

За разлика од етиолошките карактеристики кај прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел од државната граница, кај коишто постои голема поврзаност на истите со месното население, кај прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини таа поврзаност, како специфична етиолошка карактеристика не е во голема мерка изразена. Затоа кај прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини, слободно може да се каже дека негова главна специфична етиолошка карактеристика му е неговата разноликост во поглед на структурата на извршителите.

Па така, како сторител на прекуграничен криминал извршен преку граничен премин може да се појави и директор, а и невработено лице. Директорот може да се обиде преку граничниот премин да изнесе поголема сума на проневерени парични средства со цел за да ги однесе истите во странство и ги уплати на своја сметка во странска банка, или пак да ги испере преку останати „матни“ зделки, додека пак невработеното лице може за одредена сума на парични средства да се обиде да пренесе одреден багаж на друго лице преку граничниот премин, без притоа да знае што всушност се наоѓа во тој багаж.

Од друга страна пак, кај специфичните етиолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини, посебно место зазема прекуграничниот криминал извршен преку транспортните возила, како за патнички, така и за товарен сообраќај. Во овие случаи можни се две сценарија на modus operandi поврзани со улогата на возачот, а тие се: возачот да е директен учесник во вршењето на делото на прекуграничниот криминал и

да е вмешан во криминалната организација и возачот да е индиректен учесник во вршењето на делото на прекуграничен криминал при што истиот само е искористен од страна на криминалната група за транспорт на возилото, без притоа истиот да знае што се транспортира во возилото[18].



Слика 10: Криумчарење на дрога на граничен премин – сокриена во специјални даски

Picture 10: Smuggling of drugs at the border crossing point - concealed in special planks

Кога сме кај товарниот сообраќај и криминалот што се врши со негово искористување преку граничните премини, кај истиот карактеристично е и тоа што постојат огромен број можности за сокривање на стоката којашто треба да се прокриумчари преку државната граница. Овие можности како такви им се доста познати на криминалните структури и истите постојано ги користат при извршување на делата на прекуграничен криминал. Инаку, истите можат да се поделат во две групи на можности од кои првата се однесува на искористување на можностите што ги нуди конструкцијата на возилото и неговата приколка или полуприколка, а втората се однесува на искористување на можностите што ги нуди товарот што се транспортира.

Во праксата речиси за секоја од овие две можности може да се каже дека подеднакво се користат при криумчарење, при што се користат

[18] Шелдон С.Џ. (2009) „Шверц и трговија со луѓе", Скопје, Академски печат.

најразлични техники на сокривање на робата што треба да се прокриумчари на овој начин. Од нејзино сокривање во резервни гуми, шуплини од каросеријата на возилото, специјално направени бункери, до сокривање во товарот, во празнините на багажот, во пакуваната роба и слично.

Секако дека во овие случаи постои одредена поврзаност помеѓу габаритот и тежината на робата што треба да се криумчари, со габаритот и тежината на робата која ќе биде користена за камуфлажа при криумчарењето. Тие мора да бидат компатибилни помеѓу себе, со цел за да нѐ доведат до одреден сомнеж кај полициските и царинските службеници на граничните премини.

Исто така и кај прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини, како специфична етиолошка карактеристика може да се определи и поврзаноста на месното население коешто живее во населените места во близина на граничните премини со извршувањето на прекуграничниот криминал, иако за истото може да се каже дека не е изразено како карактеристика во толкава мерка како кај прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница.

Поврзаноста на месното население со прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини, како специфична етиолошка карактеристика, најчесто се олицетворува преку вршење на „торбарски" активности, при што месното население се искористува за пренос на одредена стока (текстил, авто делови и слично) по системот торба по торба.

За оваа своја активност истите добиваат одреден паричен надоместок, и притоа најчесто постојат јатаци од двете страни на границата, при што од едниот јатак се подига донесената роба за криумчарење, а кај другиот јатак, истата се собира, за понатаму истата во целост да му се предаде на сопственикот – нарачателот. На овој начин се избегнуваат сите царински давачки за криумчарената роба, и истиот е најчест начин со којшто се овозможува постоење на „сива" економија во државата.

## 3.2. Феноменологија на прекуграничниот криминал и нејзиното влијание на посебните методи за сузбивање на прекуграничниот криминал

Кога станува збор за феноменологијата на прекуграничниот криминал и нејзиното влијание на посебните методи за сузбивање на прекуграничен криминал, може да се каже дека нејзиното влијание е од фундаментално значење, како на определувањето на modus operandi на секој настан на преку граничен криминал, така и на методите за сузбивање на прекуграничниот криминал.

Иако во праксата постои широк дијапазон на феноменолошки карактеристики кај откриените настани на прекуграничен криминал, сепак и кај истите како и кај етиолошките карактеристики, може да се утврдат или издиференцираат одредени специфични феноменолошки карактеристики.

Во овој контекст, секако треба да се истакне и фактот дека и ваквите специфични феноменолошки карактеристики кај настаните на прекуграничниот криминал се тесно поврзани и со специфичните етиолошки карактеристики коишто можат да се определат кај настаните од прекуграничниот криминал.[19] Па така, и кај специфичните феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал може да се направи одредена поделба помеѓу специфичните феноменолошки карактеристики кај прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница и специфичните феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини.

Ваквата поделба пред сè е поткрепена од различниот modus operandi којшто може да се разграничи кај прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница од прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини. Следствено на горенаведеното може да се заклучи и дека ќе постојат разлики и во методите на откривање на прекуграничниот криминал преку зелениот дел од државната граница, со методите на откривање на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини.

[19] Стеван Алексоски, „Криминологија“, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“.

Ваквите разлики меѓу специфичните феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница и специфичните карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини ќе бидат претставени во текстот што следува.

### 3.2.1. Специфични феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница

Како што веќе на одреден начин рековме, специфичните феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница, на одреден начин се тесно поврзани со неговите специфични етиолошки карактеристики. Па така доколку постои криминален интерес за вршење на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница, во којшто ќе се врши криумчарење на погабаритна стока (боксови со цигари, канистри со нафта, бела техника и слично), како специфична феноменолошка карактеристика кај овие кривични дела би биле употребата на трактори, добиточна запрега и добиток (коњи и магариња), за извршувањето на овој вид на кривични дела.

Имајќи ги предвид овие информации, за начинот на вршење на превоз на криминалната стока при криумчарењето и притоа знаејќи дека за движење на истите се потребни одредени патишта и патеки, коишто водат кон граничната линија (а коишто во планинските предели се со ограничен број, и се користат од месното население), како специфичен феномен може да се предвиди и вклученоста на поголем број лица коишто го извршуваат и помагаат во извршувањето на криумчарењето. Во овој контекст, покрај значајната улога на непосредните извршители на криумчарењето, доста значајна е и улогата на „чистачите“ и „јатаќиите“ вклучени како помагачи на криумчарењето.



Слика 11: Криумчарење на цигари на граничен премин – сокриени во специјална облека

Picture 11: Smuggling of cigarettes at the border crossing point - hidden in special clothing

Едните, преку нивни камуфлажни активности на теренот (сточари, собирачи на печурки, и слично), го обезбедуваат поминувањето на криминалната група со товарот преку државната граница, а другите пак, како „јатакџии“ обезбедуваат простории за привремено складирање на робата којашто треба илегално да биде префрлена преку државната граница.

### 3.2.2. Специфични феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини

За разлика од специфичните феноменолошки карактеристики на прекуграничниот криминал извршен преку зелениот дел на државната граница, кај прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини, кај неговите феноменолошки карактеристики карактеристично е дека постои голем број феноменолошки појавни облици. Така покрај појавните облици на криумчарење

на мигранти, акцизна стока, дрога и оружје, постојат и се среќаваат и настани на криумчарење на историски артефакти, бела техника, скапоцени камења и слично, што на одреден начин и дава дополнителна тежина на самата феноменологија на прекуграничниот криминал извршен преку граничните премини.

Секако, и овде може да се каже дека доста битна карактеристика за утврдувањето на феноменологијата е и познавањето на приликите во ценовните разлики на пазарот на одредени производи од двете страни на границата, при што доколку постојат значителни ценовни разлики и економска исплатливост за криумчарење, сигурно можеме и да очекуваме појава на криумчарење на таков вид на стока на граничните премини.



Слика 12: Криумчарење на цигари на граничен премин – сокриени во каросериски шуплини на возилото

Picture 12: Smuggling of cigarettes at the border crossing point - hidden in cavities of the vehicle

Па така, знаејќи го овој фактор, со голема мерка можеме да го предодредиме и феноменолошкиот појавен облик на прекуграничниот

криминал што треба да се очекува да се извршува во наредниот период. Што значи дека, доколку имаме исплатливост за криумчарење на акцизна стока цигари, со сигурност во наредниот период можеме да очекуваме појавен облик на прекуграничен криминал на криумчарење на цигари, при што би се започнало со преправање на возилата и правење на бункери за криење на цигарите, искористување на каросериските шуплини за криење на цигарите и слично. Од друга страна пак доколку имаме економска исплатливост за криумчарење на нафта и нафтени деривати, со сигурност можеме да очекуваме појава на вградување на дупли резервоари во возилата, преку коишто би се транспортирала нафтата и нафтениот дериват.

Ваквиот начин на утврдување на феноменолошките карактеристики на прекуграничниот криминал преку граничните премини, покрај тоа што може да се применува со познавањето на економските прилики кај двете соседни држави, може и да се применува и со познавањето на економските прилики и останати причини коишто можат да поттикнат прекуграничен криминал, кај било кои две држави, при што конкретната граница би се третирала како транзитна граница, низ којашто овој вид на криминал треба да помине. Во овој случај станува збор за познавање на таканаречените меѓународни рути (на пример: рута на хероин од Турција којшто завршува на пазарот во Германија) на криминал, преку коишто се врши криумчарење на дрога, оружје и останата криумчарско исплатлива стока.[20]

[20] Шелдон С.Џ. (2009) „Шверц и трговија со луѓе“, Скопје, Академски печат.

# Глава 4.:

# Начин на извршување и методи на откривање на прекуграничен криминал

Кај прекуграничниот криминал како тип на криминал, иако постои широка распространетост на стоки, предмети и останати добра коишто се елемент или пак претставуваат мотив за негово извршување, сепак во суштина целокупното негово извршување може да се сведе само на три начини, и тоа;

- Прекуграничен криминал извршен со криумчарење,
- Прекуграничен криминал извршен со илегално префрлање преку државната граница, и
- Прекуграничен криминал извршен со користење на фалсификувани документи.

## 4.1. Криумчарењето како начин на извршување на прекуграничен криминал и методи на негово откривање

Криумчарењето како начин на извршување на прекуграничен криминал, е најчест појавен облик на негово извршување. Притоа како елемент за криумчарење може да се појават, луѓе, мигранти, дрога, оружје, цигари, алкохол, текстилна стока, накит, скапоцени камења, артефакти, уметнички дела, нафтени деривати и останати разнообразни предмети чиешто криумчарење е криминално исплатливо и за коешто постои криминален интерес.

Доколку сакаме да ја разбереме суштината на разликата помеѓу криумчарењето како начин на извршување на прекуграничен криминал и илегалното префрлање како начин на извршување на прекуграничен криминал, мора да се повикаме на членовите 278, 278 – а, и 278 – б од Кривичниот закон на Република Македонија[21]. При разработката на овие членови, можеме да заклучиме дека суштинската разлика меѓу овие два начина на извршување на

[21] Кривичен законик на РМ (Службен весник на Република Македонија бр.37/96)

прекуграничен криминал не е во стоката што е елемент на извршувањето на прекуграничниот криминал, ниту пак во превозното средство како елемент што се користи при извршувањето на прекуграничниот криминал, туку единствената разлика е во елементот – моментот на прикривање на стоката што е елемент на прекуграничен криминал.

Што значи дека, кога во едно кривично дело – настан на прекуграничен криминал, имаме на одреден начин прикривање на стоката (со нејзино ставање во бункер, сокривање во останат товар и багаж во возилото и слично) што е елемент на тоа кривично дело и којашто треба да се пренесе од другата страна на границата, во тие настани станува збор за „криумчарење“ како начин на извршување на прекуграничен криминал.

Од друга страна пак во сите настани во коишто стоката не се крие при нејзиното пренесување преку државната граница, станува збор за настани на „илегално префрлање“ преку државната граница.



Слика 13: Криумчарење на цигари на граничен премин – сокриени во специјални бункери

Picture 13: Smuggling of cigarettes at the border crossing point - hidden in special bunkers

Секако, од ова хипотетички произлегува дека настаните на „илегално префрлање“, како метод на извршување на прекуграничен криминал практично

и не можат да се случатат или извршат преку граничните премини, туку дека овој начин на извршување на прекуграничен криминал е карактеристичен само за „зелениот дел“ од државната граница. Доколку во одреден настан се случи одредена стока да не прикриена – пред очите на граничните служби помине преку граничниот премин, во тој случај станува збор за очигледен огромен пропуст во работењето на граничните служби.

Доколку пак се постави прашањето за тоа, во што е разликата помеѓу криумчарењето како метод на извршување на прекуграничен криминал и илегалното префрлање како метод на извршување на прекуграничен криминал, ќе се увиди дека разликата се состои само во тоа што кај криумчарењето имаме постапки со коишто робата што се пренесува на одреден начин се сокрива или прикрива од органите на прогонот, додека пак кај илегалното префрлање на таквата роба преку државната граница, робата не се крие, туку се пренесува натоварена на превозно средство, домашен добиток и слично.

Горенаведеното поимно разликување на овие два методи е дадено пред сè за да не дојде до забуна при нивното понатамошно претставување во текстот што следува, бидејќи со определувањето на разликата помеѓу нив, на одреден начин се доловува и основната идеја на нивната практична методолошка разлика во начинот на нивно извршување, а со тоа и на начинот на нивно откривање.

Веќе кога ја определивме разликата помеѓу криумчарењето и илегалното префрлање како методи со коишто се извршува прекуграничниот криминал, потребно е да започнеме и со разбирањето на методите на нивно откривање.

Па така, кога веќе сме кај разбирањето на методите на откривање на криумчарењето, морам да напоменам дека истите на одреден начин се и тесно поврзани и со самите феноменолошки карактеристики на криумчарењето како метод на извршување на прекуграничен криминал.

Имено, како што веќе погоре рековме, кај криумчарењето една од основните феноменолошки карактеристики е поврзаноста на спецификите на криминалната стока со начинот на којшто ќе се врши криумчарењето. Па така доколку станува збор за криумчарење на мали предмети (златен накит, скапоцени камења и слично), ваквите предмети можат да се пронајдат било

каде кај патниците на граничниот премин, нивниот багаж, како и нивните возила, но од друга страна пак кога станува збор за криумчарење на апарати од бела техника, тогаш сигурно истите нема да ги бараме во личниот багаж на патниците, туку истите ќе ги бараме во приколките на ТМВ, коишто на влез се декларираат како празни и слично.

Освен габаритот на криминалната стока, како останати нејзини специфични феноменолошки карактеристики коишто се значајни при откривањето на овој вид на прекуграничен криминал, се осетливоста на стоката и нејзината агрегатна состојба.

Па така, при криумчарењето на одредена осетлива и кршлива стока, како и на уметнички дела скулптури и осетливи археолошки артефакти, за очекување е истите во багажот, или при нивното сместување во возилото, да бидат на одреден начин обезбедени, со цел за да се спречи нивното кршење.

Агрегатната состојба пак како карактеристична особина на стоката што е предмет на криумчарењето, најизразена е кај криумчарењето на течности, при што во прв ред истата е најизразена како особина при криумчарењето на нафта и нафтени деривати. Па така при криумчарењето на нафта и нафтени деривати, истите како течности треба да бидат сместени во соодветни садови за нивно складирање, или пак во посебно направени дупли резервоари кај возилата.

Во случаите кога за криумчарење на нафта и нафтени деривати се користат одредени садови, во најголем број случаи станува збор за метални и пластични буриња или канистери, коишто како такви при криумчарењето се сокриваат во багажниот простор на возилата. Во случаите пак кога станува збор за вградување на посебен (дупол) резервоар, истиот се изработува на тој начин што истиот се вградува во каросериските шуплини кај моторните возила, при што најчесто се изработува како дупло дно на багажниот простор, или пак кај товарните моторни возила станува збор за вградување на дополнителен резервоар, којшто претходно како таков не бил вграден од страна на производителот. Секако, кај криумчарењето на нафта и нафтени деривати, постои и модус на латентно криумчарење, коешто иако е можеби очигледно за граничните служби, сепак истото во пракса тешко се докажува. Имено станува

збор за случаи кога возилото од државата излегува со празен резервоар, а истото во државата се враќа со полн резервоар за гориво.

Секако ваквата појава е поизразена кај товарните моторни возила, кај коишто резервоарите за гориво можат да соберат поголема количина на погонско гориво. Ваквиот модус на криумчарење на нафта и нафтени деривати е особено изразен во случаите кога постои значителна ценовна разлика на горивата помеѓу две соседни држави, при што извршувањето на овој модус на криумчарење на нафта и нафтени деривати е значително исплатлив за сите граѓани од пограничните места, коишто наместо да точат гориво во својата држава, се решаваат тоа да го направат во соседната држава.



Слика 14: Криумчарење на цигари на граничен премин – сокриени во браникот од возилото

Picture 14: Smuggling of cigarettes at the border crossing point - hidden in the bumper of the vehicle

Знаењето на горенаведените особини на стоката наменета за криумчарење е битен предуслов при откривањето на настани на криумчарење преку државната граница, како прекуграничен криминал. Со правилната примена на истите во работата при профилирањето на влезно излезните настани од патнички сообраќај со моторни возила на граничните премини несомнено е дека ќе се постигне поголем успех и подобри резултати во работењето. Затоа знаењето на овие карактеристики на стоката којашто е елемент на криумчарење се битен предуслов при примената на различните

полициски методи при откривање на настаните на криумчарење како прекуграничен криминал.

Ова пред сè се однесува на фактот што, при самата гранична контрола доколку полицискиот службеник знае што треба да се бара во возилото и на одреден начин ги знае карактеристиките на стоката, истиот на тој начин и ќе знае каде и треба да ја бара стоката во самото возило.[22]

Така на пример, за криумчарење на одредено количество на наркотична дрога, во самото возило или се изработуваат специјални бункери за сместување на дрогата, или пак се користат фабричките каросериски шуплини на возилото за сокривање на дрогата.

Ваквите каросериски шуплини и преправки со специјално изработени бункери наменети за криумчарење на стока се и најчесто применуваните техники коишто криумчарите ги користат при настаните на криумчарење на стока преку државната граница. Притоа стоката се сокрива во овие специјално изработени бункери и каросериски шуплини, потоа истата преку граничните премини за да се префрли од другата страна на границата.

Битен момент во овој modus operandi на криминалните структури им се јатачките гаражи или авто сервиси каде што се врши преправка на овие возила, каде што се изработуваат бункерите и каде што од друга страна се става криминалната стока во тие бункери и каде што истата се вади. Со постојана контрола на овие авто сервиси од страна на полицијата, може да се дојде до доста значајни информации поврзани со криумчарењето на разна стока преку граничните премини, како и за тоа кои возила и лица се вклучени во криумчарењето, на кој начин и кога истото се извршува, како и за тоа која стока во моментот е актуелна за криумчарење.

Покрај, горенаведеното оперативно познавање на проблематиката поврзана со криумчарењето како начин на извршување на прекуграничниот криминал, во праксата доста голем придонес дава и употребата на разните

[22] Ваквата поврзаност на стоката што е предмет на криумчарењето со начинот на нејзиното сокривање е клучен фактор во примената на разните полициски методи и техники за откривање на настани на криумчарење. Сепак во праксата важи едно непишано правило, според кое: поситната и помалата стока е полесна за сокривање за разлика од покрупната и погабаритната стока.

технички средства коишто служат за преглед на возилата на граничните премини, како од поедноставните, така и до најсовршените.

Како наједноставно техничко средство коешто значително помага во откривањето на настани на криумчарење на стока на граничните премини е апаратот „Fiberscope”. На пазарот постојат повеќе видови на „Fiberscope“ апарати, но главно сите тие имаат иста цел и намена. Инаку станува збор за апарат којшто на едната страна има мала камера, којашто преку долг флексибилен и манипулативен кабел е поврзана со екран којшто се наоѓа на другата страна од апаратот, на којшто екран се презентира тоа што го доловува камерата. Инаку фиберскопот многу лесно се пробива во каросериските шуплини како на возилата, така и на товарот – багажот. Со истиот се постигнуваат извонредни резултати при откривањето на предмети коишто се сокриени во овие простори од возилата и од нивниот товар – багаж[23].



Слика 15: Фиберскоп

Picture 15: Fiberscope

Покрај фиберскопот, доста корисен апарат за откривање на криумчарење на граничните премини е и апаратот „Buster”. Исто како и кај „фиберскопот“, и кај „бастерот“ на пазарот постојат повеќе видови на апарати коишто се од различни производители. Без разлика на производителот, сите

[23] www.wikipedia.org/wiki/Fiberscope

тие имаат иста цел и намена. Се разбира дека поновите верзии на овој апарат даваат подобри и посовремени можности за нивна примена во работата. Инаку станува збор за апарат којшто ја мери содржината на ѕидовите од каросеријата на возилата или ѕидовите од пакувањето на товарот, при што истиот дава сигнали доколку забележи одредена несоодветна разлика. Исто така овој апарат има способност да детектира и радиоактивно зрачење, како од возилото, така и од неговиот товар. Иако апаратот е лесен за користење, сепак со истиот е подобро да ракуваат специјално обучени работници[24].

Користењето на овие апарати при откривањето на настани на прекуграничен криминал на граничните премини, во работата на граничната полиција води кон создавање на нови **современи методи и техники во работата**, со коишто полека, но сигурно се напуштаат старите класични методи, во коишто се вршеше класичен преглед и претрес на возилото и товарот (со разместување на товарот или багажот или расклопување на составните делови на возилото).



Слика 16: Бастер – детектор за криумчарење

Picture 16: Buster – contraband detector

[24] www.cseco.com/Products/BusterK910B.aspx

## 4.2. Илегалното префрлање на стока и луѓе преку државната граница и методи на негово откривање

Кај илегалното префрлање на стока и луѓе преку државната граница, како метод на извршување на прекуграничниот криминал, како најбитна карактеристика којашто го одвојува истото од криумчарењето како метод на извршување на прекуграничен криминал е тоа што кај илегалното префрлање за разлика од криумчарењето стоката и луѓето не се сокриваат, туку истите само илегално се префрлаат преку државната граница, притоа натоварени на некое превозно средство или пак носени од луѓе или од некое домашно животно.

Со самите овие карактеристики на илегалното префрлање на стока и луѓе преку државната граница, може да се заклучи дека станува збор за метод на прекуграничен криминал којшто како таков се извршува претежно преку зелениот дел на државната граница.

Од друга страна пак не дека е невозможно да се изврши настан на илегално префрлање на стока и луѓе преку граничните премини, но сепак во овие современи денови, имајќи ја предвид современата надзорна технологија, со којашто се надгледуваат граничните премини, ваквите можности за случување на настани на илегално префрлање на стоки преку граничните премини би требало да бидат сведени на минимум.

Сепак, од оваа констатација се можни исклучоци, и тоа во настаните кога преку коруптивно однесување на одредени цурински службеници (при што не се исклучува можноста за вмешаност и на гранични полициски службеници), се овозможува илегално префрлање на стока преку државната граница, и тоа пред очите и со знаење на овие царински службеници. Секако во овие случаи најчесто се користи методот на декларирање на вредноста на стоката, во висина на вредноста на дозволената количина на стока којашто секој граѓанин може да ја внесе без да наплати царина, при што најчесто стоката што на овој начин се пренесува, се прикажува со помала набавна вредност отколку вистинската вредност на самата стока.

Кога сме веќе кај илегалното префрлање на стока преку државната граница, извршено преку граничните премини, секако треба да се спомене и можеби најзначајниот облик на префрлање на стока преку државната граница, а тоа е торбарењето, или modus operandi мравка по мравка.



Слика 17: Криумчарење на цигари на зелената граница – оставени кутии со цигари во близина на границата

Picture 17: Smuggling of cigarettes at the green border - boxes of cigarettes lefted near the border

Кај modus operandi мравка по мравка, т.е. торбарењето, најкарактеристично е тоа што илегалното префрлање на стоката преку граничните премини се врши на тој начин што стоката во дозволени количини за пренос под назнака за сопствена употреба, во повеќе наврати, пренесуваат поголема количина на стока од трговски карактер. Притоа од страна на криминалната група, од едната стана на границата се обезбедува јатачка просторија магацин, каде што се складира поголемата количина на стока којашто треба илегално да се префрли преку државната граница, со торбарење, за потоа да се организираат повеќе лица торбари, коишто секој ден ја минуваат државната граница, од јатачкиот магацин земаат одредена помала

количина на стока којашто треба да ја пренесат, земената количина на стока ја пренесуваат преку државната граница на граничниот премин, притоа декларирајќи ја истата како стока за своја лична потреба, иако истата е наменета за трговски карактер, за потоа така пренесената стока да ја складираат во јатачки магацин од другата страна на границата, каде што се собира стоката од торбарењето, за потоа истата откако ќе се собере во целосната нејзина количина, да се дистрибуира да крајниот нарачател – трговец.

За откривање на илегалното префрлање на стока преку државната граница на граничните премини, како најчесто користена метода од страна на полициските и царинските службеници, секако е прегледот на моторни возила, како на прва и втора линија на гранична контрола, така и на пост царинска контрола. Притоа стоката се пронаоѓа несокриена, најчесто во багажниот простор од возилото. Овие случаи најчесто се процесираат како царински прекршоци.

Но, како што веќе рековме, илегалното префрлање на стока и луѓе преку државната граница е далеку покарактеристичен метод на извршување на прекуграничен криминал, за зелениот дел од државната граница.

Во овие случаи, од страна на извршителите стоката, или луѓето, се земаат од одредено место, се натовараат на одредено теренско превозно средство, или пак пешки се пренесуваат преку државната граница, без притоа да бидат сокриени.

Во овој контекст секако дека постои разлика во методот на извршување на илегалното префрлање на луѓе преку државната граница, со илегалното префрлање на стока преку државната граница.

Кога станува збора за илегалното префрлање на луѓе преку државната граница, секако треба да се напомене дека овој тип на прекуграничен криминал е доста современ и доста често во последните неколку години, пред сѐ имајќи го предвид фактот што во последните неколку години, се бележи постојан пораст на бројот на илегални мигранти коишто како такви потекнуваат од воените подрачја од Блискиот Исток, како што се Авганистан, Сирија, Иран, Ирак и Пакистан, како и од економски и безбедносно нестабилните африкански

земји, како што се Сиера Леоне, Еритреја, Сомалија, Алжир, Брегот на Слоновата Коска и слично.

Кај илегалното префрлање на луѓе илегални мигранти преку државната граница, најкарактеристично е тоа што во овие настани, илегалните мигранти најпрво се собираат на одредена јатачка локација пред да ја поминат илегално државната граница, за потоа чекајќи погоден момент, од страна на лице водич, илегалните мигранти најчесто во поголема група да бидат префрлени преку државната граница, при што државната граница најчесто се поминува пеш, а притоа во одредени случаи може да се користи и теренско моторно возило. По поминувањето на границата, илегалните мигранти повторно се собираат на јатачка позиција, од каде што им се организира понатамошен превоз до нивната крајна дестинација.



Слика 18: Криумчарење на дрога на зелената граница – откриена на самата гранична линија

Picture 18: Smuggling of drugs at the green border - discovered near the border line

Секако и во овој модус на извршување на прекуграничен криминал постои и одредена современа димензија, во којашто илегалните мигранти користат ГПС навигација, при што и водачот на групата којшто го поседува ГПС уредот или телефонот, е илегален мигрант (и тој потекнува од истата земја

како и останатите мигранти). Во тој случај водачот најчесто е лице коешто е член на поголема криминална група којашто се занимава со миграциски прекуграничен криминал, при што самиот водич најчесто е лице коешто совршено ги познава современите навигациски ГИС системи, преку употреба на современи ГПС уреди или мобилни телефони со ГПС поддршка, при што овие водачи, иако и самите потекнуваат од тие земји, по носењето на една мигрантска група во земјите-членки на Европската унија се враќаат и преземаат нова група на мигранти. Ваквите водачи најчесто имаат одредено познавање на англискиот јазик, којшто истите го користат при движењето со мигрантската група.



Слика 19: Илегални мигранти откриени на автопат

Picture 19: Illegal immigrants detected on highway

Исто така овие лица не ретко имаат поддршка и од лица коишто се наоѓаат во миграциските центри во државата, коишто на овие групи им обезбедуваат соодветна логистичка поддршка, обезбедувајќи им транспорт и сместување.

За откривање на овој појавен облик на прекуграничниот криминал, покрај поставувањето на заседи на илегалните правци на државната граница, како ефективна метода се користи и поставувањето на пунктовски контроли на

патиштата што водат кон државната граница, а коишто како такви ги користат лицата коишто вршат илегално префрлање на мигранти преку државната граница.

Исто така како ефективна метода за откривање на овој вид на криминал во последно време е и користењето на разни техники средства за надзор на државната граница, како што се термо камерите, фото стапиците и слично. Ваквите технички средства се поставуваат на карактеристични места каде што се очекува поминување на илегалните мигранти при што по нивната детекција се организира нивно фаќање на теренот.

Од друга страна пак кога станува збор за илегално префрлање на стока преку државната граница, најчесто истото се извршува со тоа што стоката се натоварува во одредено теренско возило, или пак во негова приколка или полуприколка, и на тој начин стоката се префрла преку државната граница. Во одредени настани констатирано е дека криминалните структури и од двете страни на границата, во некој од овие настани, во близина на самата граница организираат и примопредавање на стоката при што истата најчесто се претовара од едно во друго возило. Ваквиот начин на извршување на овој тип на прекуграничен криминал е карактеристичен кога станува збор за погабаритна стока што е предмет на илегалното префрлање, при што исто така и квантитетот на стоката игра доста важна улога при извршувањето и исплатливоста од организација и извршување на ваков настан од страна на криминалните структури.

Кога станува збор пак, за илегално префрлање на стока во помали количини, или пак на стока којашто не е толку габаритна (на пример дрога и слично), илегалното префрлање на истата од страна на криминалните структури се извршува на тој начин што стоката се сместува во ранци наменети за носење на грб, за потоа истата со помош на моторцикл или пак пеш од страна на лицата од криминалната група да се пренесе преку државната граница.

Исто така, иако помалку користен, но сепак доста интересен метод на извршување на илегално префрлање на стока преку државната граница е методот на користење на домашни животни за пренос на товар, најчесто коњи

и магариња. Како посебно интересен сегмент во овој метод е тоа што коњите и магарињата се врзуваат за дрво во близина на државната граница, по што од страна на членовите на криминалната група истите се натовараат со стока, по што коњите се пуштаат сами да ја поминат државната граница. Бидејќи на овие животни им е природно дадена навика истите самите да се враќаат дома, на тој начин коњите сами ја поминуваат државната граница и ја донесуваат криминалната стока до домот на нивниот сопственик. Кога сме веќе кај домашните животни, треба да спомeнеме дека постои можност и тие понекогаш да бидат елемент на овој тип на прекуграничен криминал, кога и за илегалното префрлање на домашни животни постои криминален интерес од страна на криминалните групи. Сепак досега, ваков вид на прекуграничен криминал не е регистриран од страна на РЦ за ГР Исток, ниту пак имало одредени оперативни индиции за негово извршување. На крај и кај овие случаи најдобар начин за откривање на овој појавен облик на прекуграничниот криминал покрај поставувањето на заседи на илегалните правци на државната граница, се користи и поставувањето на пунктовски контроли на патиштата што водат кон државната граница, а коишто како такви ги користат лицата коишто вршат илегално префрлање на мигранти преку државната граница.

Покрај ова, како ефективна метода за откривање на овој вид на криминал во последно време исто така се користат и разни технички средства за надзор на државната граница, како што се термо камерите, фото стапиците и слично. Ваквите технички средства се поставуваат на карактеристични места каде што се очекува поминување на илегалните мигранти и минувачи преку државната граница при што по нивната детекција, се организира нивно фаќање на теренот.

Како наједноставно современо техничко средство коешто значително придонесува во откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел од државната граница, претставуваат сигналните фото камери за граничен надзор или со други зборови кажано сигналните фото-стапици[25]. На пазарот ги има повеќе видови, но речиси сите имаат идентичен метод на работа, со којшто по забележано движење од страна на сензорот, фото апаратот прави фотографија на телото (животно или човек) коешто го активирало сензорот. Кај

[25] www.fototrap-pro.com

посовремените модели разликата е во тоа што кај нив постои можност фотографијата да биде пратена преку ММС порака, на мобилен телефон или на друг технички уред.



Слика 20: Сигнална фото камера - фото стапица

Picture 20: Signal fotocamera - fototrap

Надзорните сигнални фото камери, се доста добро техничко помагало коешто го користи граничната полиција при откривање на прекуграничен криминал на зелениот дел од државната граница. Истите на доста ефикасен начин ги покриваат патните правци што водат и што доаѓаат откај државната граница. Со добро организирана тактика на нивно постапување, којашто ќе биде пропатена со тактика за брза интервенција од страна на граничните полициски службеници по добиен сигнал од неа, несомнено се гарантира откривање на настан поврзан со прекуграничен криминал или илегално поминување на државната граница.

Покрај горенаведените фото камери, исто така како доста ефикасно техничко средство коешто ѝ помага на граничната полиција во откривањето на настани на прекуграничен криминал и илегални поминувања на државната граница, претставуваат разните термо камери[26]. Исто како и фото камерите, и

[26]Специјалните возила „Лендровер Дефендер“ со вградена најсовремена термо камера се набавени од МВР во 2009 година од израелската фирма „Елбит системс“  www.elbitsystems.com

термо камерите ги има во повеќе видови и типови. Постојат термо камери коишто служат за нивно рачно носење, додека од друга страна пак постојат и термо камери коишто се погабаритни и како такви се монтирани на разни возила. Но, најглавно е тоа што сите работат на исти принцип, при што истите даваат слика на тела (животни и луѓе) мерејќи ја нивната температура.




Слика 21: Специјално возило со термо камера

Picture 21: Special vehicle with thermo camera

Исто како и кај надзорните фото камери и при работата со термо камерите, доколку се разработи соодветна тактика за реакција по добиен сигнал од нејзина страна, се гарантира висок степен на успех на граничната полиција, во настаните на откривање на прекуграничен криминал и илегални минувања на државната граница.

На крај, исто како и кај откривањето на настани на прекуграничен криминал на граничните премини, и кај настаните на откривање на прекуграничен криминал извршен преку зелениот дел на државната граница (со илегално префрлање на стока и луѓе) со користењето на овие апарати при откривањето на настани на прекуграничен криминал во работата на граничната полиција води кон создавање на нови **современи методи и техники во работата**, со коишто полека, но сигурно се напуштаат старите класични методи, во коишто се класично упатување на полициски патроли и поставување на заседи долж граничната линија.

## 4.3. Прекуграничен криминал извршен со фалсификување и методи на негово откривање

Кај прекуграничниот криминал извршен со фалсификување на ПИ и други документи, најкарактеристично е тоа што истиот како појавен облик се појавува само на граничните премини. Притоа, може да се каже дека се фалсификуваат сите видови на документи, коишто на одреден начин се потребни за да се помине државната граница, било да станува збор за патни исправи или córински документи за одредена стока.

Но, сепак како најчести документи коишто се елемент на напад од страна на криминалните групи што се занимаваат со фалсификување се: патните исправи, зелените карти за моторните возила, ВИН броевите на моторните возила, како и сообраќајните и возачките дозволи.

Притоа се користат најразлични методи на фалсификување, како од најпрости – аматерски методи на фалсификување, така до најсложени, професионални методи на фалсификување.

Од аматерските методи на фалсификување, најчесто се откриваат настани на фалсификување со „бришан – пишан текст“ во содржината на документот, и тоа најчесто кај сообраќајните дозволи на странските товарни возила, коишто ја преправаат носивоста на нивното товарно или полуприклучно возило, притоа зголемувајќи ја таа носивост, со цел за да не бидат претовар.

Од пософистицираните методи на фалсификување, покрај откриените фалсификувани биометриски патни исправи, најчесто се откриваат и фалсификувани ВИН броеви на моторни возила. Секако во овие настани голема заслуга има и софистицираната опрема што ја користат полициските службеници на прва и втора линија на гранична контрола, а како што се апаратите: Valbmann и Vispek. За работа со овие апарати потребно е полициските службеници да посетувале специјални обуки.




Слика 21: Специјален апарат за откривање на фалсификувани документи VISPEC

Picture 21: Special device for detection of counterfeit documents VISPEC

Исто така во овој контекст значителен придонес даваат и компјутерските софтверски програми и бази на податоци коишто ги користи Регионалниот центар за гранични работи – Исток, а меѓу коишто се: Автоматскиот систем за контрола на патници и возила, VIN Декодери, ASR базата Интерпол, како и програмата ADESFET.

Притоа како најчеста метода на откривање на фалсификувани документи е профилирањето, при што сомнителното лице коешто ги поседува фалсификуваните документи се оттрга на втора линија на гранична контрола, каде што полицискиот службеник на втора линија на гранична контрола, врши детален преглед на документите притоа користејќи ја горенаведената техника, компјутерски софтвер и информатички системи. Секако по откривањето на било кој фалсификат, за негово процесирање како кривично дело се врши дополнително вештачење на документот од страна на крим техничари од МВР.

На овој начин, со користењето на горенаведените апарати и компјутерски софтвери, како современа метода и техника во работата на граничната полиција, полека, но сигурно се напушти стариот класичен начин на откривање на фалсификати (со користење на специмени и споредба на оригиналниот документ со спец僅менот).

## Глава 5.:

## Меѓународната соработка во сузбивањето на прекуграничниот криминал

Меѓународната соработка помеѓу граничните служби е многу битен сегмент во борбите против прекуграничниот криминал. Преку истата покрај тоа што се разменуваат податоци за остварените резултати во работата помеѓу граничните служби, се разменуваат податоци и за криминалните структури од двете страни на границата. Во последно време истата зазема сè поголем интензитет, со тоа што сè почесто се реализираат заеднички мешани патроли со граничната полиција на Република Бугарија, заеднички обуки, заеднички операции и слично.

Историски гледано, прекуграничната соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, започнува со Спогодбата помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за мерките за спречување и решавање на гранични инциденти на границата на Република Македонија и Република Бугарија[27]. Со истиот договор, на ниво на држави се формираат државни комисии, со претставници од македонска и од бугарска страна, за решавање на гранични инциденти, чување, одржување, обновување и обележување на граничната линија и граничните белези и решавање на сите останати проблеми на државната граница, на централно ниво, како и две секторски (за прв и втор сектор од државната граница) комисии на локално ниво. Централната комисија според договорот одржува најмалку една средба годишно, додека пак локалните комисии во текот на годината одржуваат најмалку две средби, од коишто едната се одржува на територија на Република Македонија, а другата средба се одржува на територија на Република Бугарија. Во зависност од потребите за решавање на конкретен проблем од прекуграничен карактер, локалните – секторските комисии одржуваат и повеќе состаноци, од коишто некои можат да бидат и на самата гранична линија.

Во досегашната работа на овие комисии не се регистрирани никакви гранични инциденти и останати посериозни нарушувања на безбедноста на

[27] Спогодбата е потпишана во Скопје, Р Македонија на 15.05.2000 година. Истата е објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 13/2002.

државната граница помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Најчеста проблематика, којашто е предмет на решавање на секторските комисии, се настани од имотно-правен карактер, коишто се поврзани со поминување на домашен добиток и ловџиски кучиња од едната во другата страна на границата.

Покрај горенаведената Спогодба, како останати позначајни документи со коишто се регулира прекуграничната соработка на Граничната полиција на Република Македонија со Република Бугарија, ќе ги спомeнеме:

- Спогодбата за чување, одржување обновување и обележување на граничната линија и граничните белези на македонско-бугарската државна граница[28];
- Договорот за преземање на лица со незаконски престој[29];
- Договорот за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, нелегалната миграција и други кривични дела[30];
- Спогодбата за размена и заемна заштита на класифицирани информации[31];
- Договорот за прекугранична полициска соработка[32]; и
- Договорот за основање и функционирање на Заеднички контакт центар за полициска и царинска соработка[33].

Со горенаведените договори и спогодби направен е голем чекор во соработката помеѓу двете држави во борбата против прекуграничниот криминал, а којашто со последниот договор, резултираше со отворање на ЗКЦ за полициска и царинска соработка, како најсовремен облик на брза и ефикасна соработка во размената на релевантни информации поврзани со борбата со прекуграничниот криминал.

[28] Службен весник на Р Македонија бр. 13/2002
[29] Службен весник на Р Македонија бр. 12/2002
[30] Службен весник на Р Македонија бр. 6/2003
[31] Службен весник на Р Македонија бр. 10/2006
[32] Службен весник на Р Македонија бр. 131/2006
[33] Службен весник на Р Македонија бр. 116/2010

ЗКЦ „Деве Баир“ е отворен на 01.06.2011 година и истиот како таков претставува прв заеднички контакт центар што Република Македонија го има отворено со одредена соседна држава. Во рамките на неговите надлежности, се врши непосредна и брза размена на информации помеѓу полициските и царинските служби на Република Македонија и Република Бугарија.

Покрај, горенаведената непосредна билатерална соработка на граничната полиција на Република Македонија и Република Бугарија, соработката помеѓу двете гранични служби се врши и преку заедничко учество на трилатерални и мултилатерални повеќе состаноци, семинари и конференции, на коишто учествуваат претставници од граничните служби на Република Македонија и Република Бугарија.

На крај, како најчести форми на прекугранична соработка помеѓу граничните полициски служби на Република Македонија и Република Бугарија, ќе ги споменам редовните локални и регионални средби и контакти, како од страна на самите полициски станици на граничните премини, така и од страна на Регионалниот Центар за Гранични Работи – Исток од Делчево со Регионалната Дирекција за Предопазвањето на Границата – Ќустендил.

Средбите и контактите помеѓу старешините на полициските станици на граничните премини се речиси секојдневни, а истите имаат задолжителен карактер од нивно одржување од најмалку еднаш во месецот. Од друга страна пак РЦ за ГР „Исток“ со РДПК „Ќустендил“ одржуваат најмалку по два состаноци, на полугодишно ниво, на коишто покрај презентацијата за сработеното помеѓу двата состаноци, се вршат и предвидувања поврзани со проблематиката на прекуграничниот криминал, коишто ќе ги очекуваат граничните полициски служби за наредниот период.

За во иднина, потребно е уште поголемо интензивирање на прекуграничната соработка, којашто како таква ќе резултира со отворање на заеднички гранични премини, па сè до напуштањето на граничните премини, коешто ќе се случи со влезот на Република Македонија, во Европската унија и Шенген зоната.

# Глава 6.:

# Интерпретација на резултатите од истражувањето

За потребите на истражувањето при изработката на овој магистерски труд по претходно добиена согласност од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, извршено е теренско истражување при што:

- соберени се статистички податоци поврзани со прекуграничниот криминал случен на границата помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, коишто како такви се добиени од страна на РЦ за ГР Исток, и
- спроведена е анонимна анкета, помеѓу лица вработени на граничните премини, (како полициски и царински службеници), во којашто истите на претходно структуриран прашалник, одговараа на прашања поврзани со горепоставените хипотези на истражувањето.

Анкетата беше спроведена на доброволна основа и во неа учествуваа 61 лице, вработени во граничната полиција и царинската управа од граничните премини „Деве Баир“, „Делчево“ и „Ново Село“.

Статистичките податоци добиени од истражувањето се земени за периодот од 2005 до 2011 година, при што се обработувани податоци за:

- вкупниот број откриени кривични дела од страна на РЦ за ГР Исток (за секоја година посебно);
- за видот на откриените кривични дела, вкупниот број илегални минувачи и илегални мигранти (за секоја година посебно), и
- за државјанството на откриените илегални мигранти и илегални минувачи на државната граница.

Притоа, се добиени следниве резултати:

- За 2005 година:

Графикон 1: Број на откриени кривични дела во 2005 година

Chart 1: Number of detected crimes in 2005




Во текот на 2005 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 87 кривични дела.

Од нив 68 кривични дела или 78,2% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 50 кривични дела или 57,5% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2005 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;
- 14 кривични дела или 16,1% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2005 година, се по чл. 60 од Закон за акцизи на РМ – За криумчарење на акцизна стока;
- 4 кривични дела или 4,6% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2005 година, се по чл. 215 од КЗ на РМ – За неовластено

производство и пуштање во промет на наркотични дроги и прекурзори, и

- 19 кривични дела или 21,8% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 68 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 11 кривични дела или 16,1% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 68 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 54 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 14 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 68 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 50 кривични дела, или 73,5% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 2: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2005 година

Chart 2: Number of detected illegal passersby of the border in 2005



Во текот на 2005 година илегално границата на Р Македонија со РБугарија, ја имаат поминато 45 лица, од кои:

- 25 лица се од Македонија, или 55,5% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2005 година; и
- 20 лица се од Бугарија, или 44,5% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2005 година.

Ниту едно од овие лица не е илегален мигрант.

Од откриените 45 лица коишто во текот на 2005 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 40 лица се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

- За 2006 година:

Графикон 3: Број на откриени кривични дела во 2006 година

Chart 3: Number of detected crimes in 2006



Во текот на 2006 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 42 кривични дела.

Од нив 32 кривични дела или 76,2% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 20 кривични дела или 47,6% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2006 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;
- 7 кривични дела или 16,6% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2006 година, се по чл. 60 од Закон за акцизи на РМ – За криумчарење на акцизна стока;
- 4 кривични дела или 9,5% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2006 година, се по чл. 215 од КЗ на РМ – За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и прекурзори;
- 1 кривично дело или 2,4% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2006 година, се по чл. 216 од КЗ на РМ – За овозможување на употреба на наркотични дроги, и
- 10 кривични дела или 23,9% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 32 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 7 кривични дела или 21,8% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 32 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 24 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 8 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 32 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 24 кривични дела, или 75% се откриени со помош на користење на

современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 4: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2006 година

Chart 4: Number of detected illegal passersby of the border in 2006




Во текот на 2006 година илегално границата на Р Македонија со РБугарија, ја имаат поминато 18 лица, од кои:

- 8 лица се од Македонија, или 44,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2006 година;
- 6 лица се од Бугарија, или 33,3% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2006 година;
- 1 лице е од Србија, или 5,5% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2006 година; и
- 3 лица се од Грузија, или 16,8% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2006 година.

Ниту едно од овие лица не е илегален мигрант.

Од откриените 18 лица коишто во текот на 2006 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 12 лица се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

- За 2007 година:

Графикон 5: Број на откриени кривични дела во 2007 година

Chart 5: Number of detected crimes in 2007




Во текот на 2007 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 52 кривични дела.

Од нив 27 кривични дела или 51,6% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 3 кривични дела или 5,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;

- 13 кривични дела или 25% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 60 од Закон за акцизи на РМ – За криумчарење на акцизна стока;
- 2 кривични дела или 3,8% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 215 од КЗ на РМ – За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги и прекурзори;
- 1 кривично дело или 1,9% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 216 од КЗ на РМ – За овозможување на употреба на наркотични дроги;
- 1 кривично дело или 1,9% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 268 од КЗ на РМ – За фалсификување на пари;
- 1 кривично дело или 1,9% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 353 од КЗ на РМ – За злоупотреба на службената положба и овластување;
- 3 кривични дела или 5,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 358 од КЗ на РМ – За давање на поткуп;
- 3 кривични дела или 5,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2007 година, се по чл. 418 од КЗ на РМ – За криумчарење на мигранти, и
- 25 кривични дела или 48,4% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 27 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 6 кривични дела или 22,2% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 27 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 13 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 14 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 27 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 18 кривични дела, или 66,6% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 6: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2007 година

Chart 6: Number of detected illegal passersby of the border in 2007




Во текот на 2007 година илегално границата на Р Македонија со Р Бугарија, ја имаат поминато 26 лица, од кои:

- 22 лица се од Македонија, или 84,6% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2007 година;
- 2 лица се од Бугарија, или 7,7% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2007 година; и

- 2 лица се од Молдавија, или 7,7% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2007 година.

Ниту едно од овие лица не е илегален мигрант.

Од откриените 26 лица коишто во текот на 2007 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 19 лица се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

- За 2008 година:

Графикон 7: Број на откриени кривични дела во 2008 година

Chart 7: Number of detected crimes in 2008




Во текот на 2008 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 43 кривични дела.

Од нив 24 кривични дела или 55,8% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 16 кривични дела или 37,2% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2008 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;
- 5 кривични дела или 11,6% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2008 година, се по чл. 60 од Закон за акцизи на РМ – За криумчарење на акцизна стока;
- 1 кривично дело или 2,3% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2008 година, се по чл. 278 од КЗ на РМ – За криумчарење на стока;
- 2 кривични дела или 4,6% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2008 година, се по чл. 358 од КЗ на РМ – За давање на поткуп, и
- 19 кривични дела или 44,3% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 24 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 6 кривични дела или 25% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 24 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 19 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 5 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 24 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 20 кривични дела, или 83,3% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 8: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2008 година

Chart 8: Number of detected illegal passersby of the border in 2008




Во текот на 2008 година илегално границата на Р Македонија со РБугарија, ја имаат поминато 37 лица, од кои:

- 9 лица се од Македонија, или 24,3% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2008 година;
- 23 лица се од Албанија, или 62,2% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2008 година; и
- 5 лица се од Косово, или 13,5% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2008 година.

Ниту едно од овие лица не е илегален мигрант.

Од откриените 37 лица коишто во текот на 2008 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 25 лица се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

- За 2009 година:

Графикон 9: Број на откриени кривични дела во 2009 година

Chart 9: Number of detected crimes in 2009




Во текот на 2009 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 37 кривични дела.

Од нив 20 кривични дела или 54,1% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 9 кривични дела или 37,2% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;
- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, е по чл. 215 од КЗ на РМ – За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги и прекурзори;

- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, е по чл. 418 од КЗ на РМ – За криумчарење на мигранти;
- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, е по чл. 268 од КЗ на РМ – За фалсификување пари;
- 6 кривични дела или 16,2% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, се по чл. 358 од КЗ на РМ – За давање на поткуп,
- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, е по чл. 396 од КЗ на РМ – За недозволено држење на оружје и распрскувачки материи;
- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2009 година, е по чл. 402 од КЗ на РМ – За недозволено преминување на државната граница, и
- 17 кривични дела или 33,1% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 20 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 4 кривични дела или 25% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 20 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 18 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 2 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 20 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 14 кривични дела, или 70,3% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 10: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2009 год.

Chart 10: Number of detected illegal passersby of the border in 2009




Во текот на 2009 година илегално границата на Р Македонија со РБугарија, ја имаат поминато 27 лица, од кои:

- 8 лица се од Македонија, или 30% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2009 година;
- 16 лица се од Албанија, или 59,2% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2009 година;
- 1 лице е од Бугарија, или 3,7% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2009 година, и
- 2 лица се од Палестина, или 7,1% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2009 година.

Двете лица од Палестина се со статус на илегални мигранти.

Од откриените 27 лица коишто во текот на 2009 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 19 лица се откриени

со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

- За 2010 година:

Графикон 11: Број на откриени кривични дела во 2010 година

Chart 11: Number of detected crimes in 2010




Во текот на 2010 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 35 кривични дела.

Од нив 24 кривични дела или 68,5% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 17 кривични дела или 48,5% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2010 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;

- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2010 година, се по чл. 60 од Закон за акцизи на РМ – За криумчарење на акцизна стока;
- 3 кривични дела или 8,5% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2010 година, се по чл. 278 од КЗ на РМ – За криумчарење на стока,
- 2 кривични дела или 5,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2010 година, се по чл. 268 од КЗ на РМ – За фалсификување пари;
- 1 кривично дело или 2,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2010 година, е по чл. 358 од КЗ на РМ – За давање на поткуп,и
- 11 кривични дела или 32,5% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 24 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 2 кривични дела или 8,3% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 24 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 20 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 4 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 24 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 20 кривични дела, или 83,3% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 12: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2010 год.

Chart 12: Number of detected illegal passersby of the border in 2010




Во текот на 2010 година илегално границата на Р Македонија со РБугарија, ја имаат поминато 34 лица, од кои:

- 4 лица се од Македонија, или 11,7% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2010 година;
- 11 лица се од Бугарија, или 32,3% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2010 година;
- 15 лица се од Албанија, или 44,1% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2010 година;
- 1 лице е од Косово, или 2,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2010 година;
- 1 лице е од Романија, или 2,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2010 година, и
- 2 лица се од Пакистан, или 6,1% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2010 година.

Двете лица од Пакистан се со статус на илегални мигранти.

Од откриените 34 лица коишто во текот на 2010 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 25 лица се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

- За 2011 година:

Графикон 13: Број на откриени кривични дела во 2011 година

Chart 13: Number of detected crimes in 2011




Во текот на 2011 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 55 кривични дела.

Од нив 41 кривично дело или 74,5% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 40 кривични дела или 72,7% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2011 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;
- 1 кривично дело или 1,8% од вкупната бројка на откриени кривични дела за 2011 година, се по чл. 278 од КЗ на РМ – За криумчарење на стока, и

- 14 кривични дела или 25,5% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 41 кривично дело од областа на прекуграничниот криминал, само 1 кривично дело или 2,4% од вкупниот број на КД, е регистрирано како кривично дело извршено од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 41 кривично дело од областа на прекуграничниот криминал, 40 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатото 1 кривично дело е откриено на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 41 кривично дело од областа на прекуграничниот криминал, 40 кривични дела, или 97,5% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 14: Број на откриени илегални минувачи на границата во 2011 год.

Chart 14: Number of detected illegal passersby of the border in 2011



Во текот на 2011 година илегално границата на Р Македонија со РБугарија, ја имаат поминато 17 лица, од кои:

- 1 лице е од Македонија, или 5,8% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2011 година;
- 2 лица се од Бугарија, или 11,6% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2011 година;
- 1 лице е од Естонија, или 5,8% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2011 година,
- 2 лица се од Велика Британија, или 11,6% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2011 година;
- 1 лице е од Пакистан, или 5,8% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2011 година, и
- 10 лица се од Авганистан, или 59,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за 2011 година.

Десетте лица од Авганистан и едното лице од Пакистан се со статус на илегални мигранти.

Од откриените 17 лица коишто во текот на 2011 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 11 лица се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

На крај од прикажувањето на статистичките податоци, со цел за да се даде поконкретна слика на собраните резултати од направеното истражување, во текстот што следува ќе се даде вкупен (збирен) пресек, како на бројот на откриени кривични дела, така и на бројот на откриени илегални минувачи (и илегални мигранти) на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година.

- Вкупно за периодот од 2005 до 2011 година:

Графикон 15: Број на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 г.

Chart 15: Number of detected crimes in the period from 2005 to 2011




Вкупно за периодот од 2005 до 2011 година од страна на РЦ за ГР „Исток“ откриени се вкупно 351 кривично дело.

Од нив 236 кривични дела или 67,2% се од областа на прекуграничниот криминал, и тоа:

- 155 кривични дела или 44,1% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 378 од КЗ на РМ – За фалсификување на патни исправи (пасоши) и други документи;

- 40 кривични дела или 11,3 % од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 60 од Закон за акцизи на РМ – За криумчарење на акцизна стока;
- 11 кривични дела или 3,1% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 215 од КЗ на РМ – За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и прекурзори;
- 2 кривични дела или 0,6% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 216 од КЗ на РМ – За овозможување на употреба на наркотични дроги;
- 4 кривични дела или 1,1% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 418 од КЗ на РМ – За криумчарење на мигранти;
- 5 кривични дела или 1,4% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 278 од КЗ на РМ – За криумчарење на стока;
- 4 кривични дела или 1,1% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 268 од КЗ на РМ – За фалсификување на пари;
- 12 кривични дела или 3,4% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 358 од КЗ на РМ – За давање на поткуп;
- 1 кривично дело или 0,3% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 353 од КЗ на РМ – За злоупотреба на службената положба и овластување;
- 1 кривично дело или 0,3% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 402 од КЗ на РМ – За недозволено преминување на државната граница;
- 1 кривично дело или 0,3% од вкупната бројка на откриени кривични дела за периодот од 2005 до 2011 година, се по чл. 396 од КЗ на РМ – За недозволено држење на оружје и распрскувачки материи, и
- 115 кривични дела или 32,8% од вкупната бројка на откриени кривични дела, се Останати кривични дела, коишто не се поврзани со прекуграничниот криминал.

Од горенаведените 236 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, само 37 кривични дела или 15,6% од вкупниот број на КД, се регистрирани како кривични дела извршени од страна на организирана криминална група.

Исто така, од горенаведените 236 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 188 кривични дела се откриени на граничните премини, додека останатите 48 кривични дела се откриени на зелениот дел од државната граница.

Притоа од наведените 236 кривични дела од областа на прекуграничниот криминал, 186 кривични дела, или 79,6% се откриени со помош на користење на современите методи и техники коишто граничната полиција ги користи во својата работа.

Графикон 16: Број на откриени илегални минувачи на границата за периодот од 2005 до 2011 год.

Chart 16: Number of detected illegal passersby of the border in the period from 2005 to 2011



Вкупно за периодот од 2005 до 2011 година илегално границата на РМакедонија со Р Бугарија, ја имаат поминато 204 лица, од кои:

- 77 лица се од Македонија, или 37,7% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 42 лица се од Бугарија, или 20,5% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 1 лице е од Србија, или 0,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 54 лица се од Албанија, или 26,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 6 лица се од Косово, или 2,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 2 лица се од Палестина, или 0,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 3 лица се од Пакистан, или 1,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 10 лица се од Авганистан, или 4,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 3 лица се од Грузија, или 1,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 2 лица се од Молдавија, или 0,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;

- 1 лице е од Естонија, или 0,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година;
- 1 лице е од Романија, или 0,4% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година, и
- 2 лица се од Велика Британија, или 0,9% од вкупната бројка на регистрирани илегални минувачи на државната граница за периодот од 2005 до 2011 година.

Од горенаведените илегални минувачи на државната граница со статус на илегални мигранти се само 15 лица, или 7,3% од вкупната бројка на илегални минувачи на државната граница на Р Македонија со Р Бугарија, за периодот од 2005 до 2011 година.

Од откриените 206 лица коишто во текот на периодот од 2005 до 2011 година илегално ја имаат поминато границата на Р Македонија со Р Бугарија, 151 лице се откриени со помош на користење на современи методи и техники, додека останатите се откриени на класичен начин на гранично работење.

Покрај горенаведените статистички податоци добиени од страна на МВР, за потребите на истражувањето на овој магистерски труд направена е анонимна анкета помеѓу припадници од граничната полиција од РЦ за ГР Исток. При спроведувањето на анкетата извршено е испитување на 61 полициски службеник од граничната полиција од РЦ за ГР Исток, коишто анонимно одговараа на однапред структуриран прашалник (којшто е даден во прилог на магистерскиот труд).

Прашањата беа структурирани со цел со дадените одговори за да се даде своевидно потврдување или отфрлање на горенаведените хипотези од магистерскиот труд.

Па така од спроведената анкета се добиени следниве резултати:

1. На прво поставеното прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа какво е влијанието на зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава на криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал, беа добиени следниве резултати:

Графикон 17: Резултати од добиените одговори на првото прашање

Chart 17: Results of the answers to the first question




- 47 лица од испитаниците, или 77% од вкупниот број испитаници, одговориле дека зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу РМакедонија и РБугарија), **значително влијае** врз можноста за појава на

криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал;

- 9 лица од испитаниците, или 15% од вкупниот број испитаници, одговориле дека зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **умерено влијае** врз можноста за појава на криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал;
- 3 лица од испитаниците, или 6% од вкупниот број испитаници, одговориле дека зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **неутрално влијае** врз можноста за појава на криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал;
- 1 лице од испитаниците, или 1% од вкупниот број испитаници, одговориле дека зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу РМакедонија и РБугарија), **умерено негативно влијае** врз можноста за појава на криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал; и
- 1 лице од испитаниците, или 1% од вкупниот број испитаници, одговориле дека зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **значително негативно влијае** врз можноста за појава на криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал.

2. На второ поставеното прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа какво е влијанието на зголемената невработеност кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и РБугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал, беа добиени следниве резултати:

Графикон 18: Резултати од добиените одговори на второто прашање

Chart 18: Results of the answers to the second question




- 12 лица од испитаниците, или 20% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемена невработеност кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **значително влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 26 лица од испитаниците, или 42% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемена невработеност кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **умерено влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 9 лица од испитаниците, или 15% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемена невработеност кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **неутрално влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 8 лица од испитаниците, или 13% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемена невработеност кај населението

од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **умерено негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места, и

- 6 лица од испитаниците, или 10% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемена невработеност кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **значително негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места.

3. На третото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа какво е влијанието на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал, беа добиени следниве резултати:

Графикон 19: Резултати од добиените одговори на третото прашање

Chart 19: Results of the answers to the third question



- 11 лица од испитаниците, или 18% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **значително влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 32 лица од испитаниците, или 52% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **умерено влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 8 лица од испитаниците, или 13% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **неутрално влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 6 лица од испитаниците, или 10% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **умерено негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места; и
- 4 лица од испитаниците, или 7% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **значително негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места.

4. На четвртото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа какво е влијанието на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата

(помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал, беа добиени следниве резултати:

Графикон 20: Резултати од добиените одговори на четвртото прашање

Chart 20: Results of the answers to the fourth question




- 9 лица од испитаниците, или 15% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **значително влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 35 лица од испитаниците, или 57% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **умерено влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 12 лица од испитаниците, или 20% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **неутрално влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;

- 4 лица од испитаниците, или 6% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **умерено негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места; и
- 1 лица од испитаниците, или 2% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), **значително негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места.

5. На петтото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа какво е влијанието на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал, беа добиени следниве резултати:

Графикон 21: Резултати од добиените одговори на петтото прашање

Chart 21: Results of the answers to the fifth question



- 28 лица од испитаниците, или 46% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **значително влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 18 лица од испитаниците, или 30% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **умерено влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 10 лица од испитаниците, или 16% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **неутрално влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места;
- 3 лица од испитаниците, или 5% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **умерено негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места; и
- 2 лица од испитаниците, или 3% од вкупниот број испитаници, одговориле дека појавата на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу РМакедонија и Р Бугарија), **значително негативно влијае** врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал во тие населени места.

6. На шестото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа колку употребата на апаратот „Виспек 4“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на фалсификувани документи, беа добиени следниве резултати:

Графикон 22: Резултати од добиените одговори на шестото прашање

Chart 22: Results of the answers to the sixth question




- 49 лица од испитаниците, или 80% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Виспек 4“, **значително ја подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на фалсификувани документи;
- 7 лица од испитаниците, или 11% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Виспек 4“, **умерено ја подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на фалсификувани документи;
- 3 лица од испитаниците, или 5% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на апаратот „Виспек 4“, откривачката дејност во граничната полиција, е **на исто ниво** како и претходно, во поглед на откривањето на фалсификувани документи;
- 1 лице од испитаниците, или 2% од вкупниот број испитаници, одговори дека со употребата на апаратот „Виспек 4“, **умерено се уназади**

откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на фалсификувани документи; и

- 1 лице од испитаниците, или 2% од вкупниот број испитаници, одговори дека со употребата на апаратот „Виспек 4“, **значително се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на фалсификувани документи.

7. На седмото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа колку употребата на апаратот „Фиберскоп“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини, беа добиени следниве резултати:

Графикон 23: Резултати од добиените одговори на седмото прашање од анкетата

Chart 23: Results of the answers to the seventh question of the survey



- 44 лица од испитаниците, или 72% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Фиберскоп“, **значително ја подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини;

- 8 лица од испитаниците, или 13% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Фиберскоп“, **умерено ја подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини;

- 6 лица од испитаниците, или 10% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на апаратот „Фиберскоп“, откривачката дејност во граничната полиција, е **на исто ниво** како и претходно, во поглед на откривањето на криумчарење на стока на граничните премини;

- 2 лица од испитаниците, или 3% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Фиберскоп“, **умерено ја уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини; и

- 1 лице од испитаниците, или 2% од вкупниот број испитаници, одговори дека со употребата на апаратот „Фиберскоп“, **значително се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока на граничните премини.

8. На осмото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа колку употребата на апаратот „Бастер“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини, беа добиени следниве резултати:

Графикон 24: Резултати од добиените одговори на осмото прашање од анкетата

Chart 24: Results of the answers to the eighth question of the survey




- 34 лица од испитаниците, или 56% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Бастер“, **значително ја подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини;
- 19 лица од испитаниците, или 31% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Бастер“, **умерено ја подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини;
- 4 лица од испитаниците, или 7% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на апаратот „Бастер“, откривачката дејност во граничната полиција, е **на исто ниво** како и претходно, во поглед на откривањето на криумчарење на стока на граничните премини;
- 2 лица од испитаниците, или 3% од вкупниот број испитаници, одговориле дека употребата на апаратот „Бастер“, **умерено ја уназади**

откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока преку граничните премини; и

- 1 лице од испитаниците, или 2% од вкупниот број испитаници, одговори дека со употребата на апаратот „Бастер“, **значително се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на криумчарење на стока на граничните премини.

9. На деветтото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа колку употребата на „Скаут камерите“ ја подобрија откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница, беа добиени следниве резултати:

Графикон 25: Резултати од добиените одговори на деветтото прашање од анкетата

Chart 25: Results of the answers to the ninth question of the survey



- 45 лица од испитаниците, или 74% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Скаут камерите“, **значително се подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница;
- 7 лица од испитаниците, или 11% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Скаут камерите“, **умерено се подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница;
- 4 лица од испитаниците, или 7% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Скаут камерите“, откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница **е на исто ниво како и претходно**;
- 3 лица од испитаниците, или 5% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Скаут камерите“, **умерено се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница; и
- 2 лица од испитаниците, или 3% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Скаут камерите“, **значително се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница.

10. На десеттото поставено прашање од анкетата со коешто требаше да се даде одговор на тоа колку употребата на „Термо камерите“ ја подобрија откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница, беа добиени следниве резултати:

Графикон 26: Резултати од добиените одговори на десеттото прашање од анкетата

Chart 26: Results of the answers to the tenth question of the survey




- 49 лица од испитаниците, или 80% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Термо камерите“, **значително се подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница;
- 4 лица од испитаниците, или 7% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Термо камерите“, **умерено се подобри** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница;
- 3 лица од испитаниците, или 5% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Термо камерите“, откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница **е на исто ниво како и претходно**;

- 3 лица од испитаниците, или 5% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Термо камерите“, **умерено се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница; и
- 2 лица од испитаниците, или 3% од вкупниот број испитаници, одговориле дека со употребата на „Термо камерите“, **значително се уназади** откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал преку зелениот дел на државната граница.

# Глава 7.:

# Заклучок

Зачувувањето на територијалниот интегритет е една од темелните вредности на секоја држава, па така и на Република Македонија. Затоа, обезбедувањето на државните граници, претставува еден од главните приоритети во работата на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, а истиот пак како таков е главен приоритет во работата на Секторот за гранични работи и миграции (Граничната полиција) при МВР на РМакедонија.

Од друга страна пак, општо познато е дека Република Македонија е земја-кандидат за членство во Европската унија, којашто како таква во наредниот период би требало да отпочне да води пристапни преговори со Европската унија, во коишто ќе мора да ја усогласи својата законска регулатива во согласност со законската регулатива на Европската унија. Сето тоа подразбира и осовременување на работата на граничната полиција и нејзиното усогласување со европските стандарди, коешто нешто пак како такво е дел од Поглавјето 24 од пристапните преговори за членство во Европската унија[34].

Покрај осовременувањето на работата на граничната полиција и нејзиното усогласување со европските стандарди, отворањето на Поглавјето 24 од пристапните преговори, за граничната полиција подразбира и изградба на систем за што поефикасна борба со прекуграничниот (транснационалниот) криминал.

Имајќи го предвид фактот што Р Бугарија е веќе земја-членка на Европската унија, а исто така и имајќи ги предвид и традиционално добрите односи помеѓу двете држави, како и веќе добро воспоставената прекугранична соработка помеѓу РЦ за ГР Исток (Гранична полиција на Р Македонија) и РДПГ Ќустендил (гранична полиција на Р Бугарија), за очекување е дека токму осовременувањето на работата на граничната полиција на Р Македонија и

[34] Поглавјето 24 „Правда, слобода и безбедност“ од пристапните преговори за членство во Европската унија, во голем дел од неговото исполнување, содржи усогласување на европски стандарди и нормативи поврзани со работата на Граничната полиција, обезбедувањето на државните граници, борбата со прекуграничниот криминал и прекуграничната соработка.

исполнувањето на европските стандарди, најпрво ќе бидат манифестирани на границата помеѓу Р Македонија и Р Бугарија, при што се очекува токму граничната полиција на Р Бугарија (РДПГ Ќустендил) да биде наш водечки партнер во осовременувањето на работата и исполнувањето на тие стандарди.

Дека граничната полиција на Р Македонија е на добар пат кон исполнувањето на европските стандарди укажуваат и следниве заклучоци коишто како такви можат да се извлечат од направеното истражување спроведено при овој труд.

**Заклучок 1:**

Со направеното истражување **се потврди** генералната хипотеза, дадена во овој труд според којашто:

*Граничната полиција познавајќи ја природата на прекуграничниот криминал и природа на социо-економските прилики во општеството коишто придонесуваат кон појавување на прекуграничниот криминал, претставува ефикасен дел од интегрираното гранично управување коешто значително придонесува во борбата против прекуграничниот криминал на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија.*

До овој заклучок е дојдено на тој начин што се земени предвид високите проценти на потврдни одговори на прашањата под редните броеви 1, 2, 3, 4 и 5 од спроведената анкета, како и високиот процент од 67,2% на откриени кривични дела од страна на граничната полиција, коишто како такви се претставуваат кривични дела коишто можат да се типизираат како прекуграничен криминал.

**Заклучок 2:**

Со направеното истражување **се потврди** првата помошна хипотеза, дадена во овој труд според којашто:

*Современите методи и техники што граничната полиција во последно време сѐ повеќе ги применува во своето работење, се поцелисходни во борбата против прекуграничниот криминал, за разлика од класичните методи и техники.*

До овој заклучок е дојдено на тој начин што се земени предвид високите проценти на потврдни одговори на прашањата под редните броеви 6, 7, 8, 9 и 10 од спроведената анката, а исто така на овој заклучок укажува и високиот процент од 79,6% на откриени кривични дела на прекуграничен криминал, коишто како такви се откриени со користење на современи методи и техники на работа на граничната полиција.

**Заклучок 3:**

Со направеното истражување **се отфрли** втората помошна хипотеза, па така дојдено е до нов заклучок според којшто:

*Прекуграничниот криминал најчесто се јавува како форма на самостојно делување на поединци за стекнување на противправна имотна корист,*

На овој заклучок нè доведува фактот што според истражувањето само 15,6% од вкупниот број извршени КД (во периодот на истражувањето) се регистрирани како кривични дела извршени од организирана криминална група.

**Заклучок 4:**

На крај, со направеното истражување **се потврди** третата помошна хипотеза, дадена во овој труд според којашто:

*Прекуграничниот криминал на границата на Република Македонија со Република Бугарија, најчесто се извршува на граничните премини, за сметка на зелениот дел од границата.*

На овој заклучок нè доведува фактот што според истражувањето само 188 кривични дела или 79,6% од вкупниот број извршени КД од прекуграничниот криминал, се регистрирани како кривични дела извршени на граничните премини, за разлика од 48 кривични дела или 20,4% од вкупниот број извршени КД од прекуграничниот криминал, коишто како такви се регистрирани како кривични дела извршени на зелениот дел од државната граница на Република Македонија со Република Бугарија.

Земајќи ги предвид добиените резултати од направеното истражување за потребите на овој труд, како и горенаведените заклучоци, а со цел за да се овозможи овој труд да послужи како понатамошна основа за развој на работата

на граничната полиција (РЦ за ГР Исток) за овозможување на по целисходното обезбедување на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија и остварување на успешна борба во сузбивањето на прекуграничниот криминал, ги давам следниве препораки:

- ✓ *Од страна на граничната полиција, потребно е и понатаму континуирано да се продолжи да се следат и познаваат социо-економските прилики во општеството и на тој начин благовремено да се детектираат феноменолошките и етиолошките фактори коишто како такви придонесуваат за манифестацијата на појавните облици на прекуграничен криминал на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија;*
- ✓ *Од страна на граничната полиција потребно е и понатаму да се тежнее кон употребата на современи методи и техники во работата, со цел за постигнување на што е можно подобри резултати и подобар успех во борбата со појавните облици на прекуграничен криминал. Притоа со ова се подразбира и постојано тежнеење кон набавка на нови и современи технички средства и опрема;*
- ✓ *Од страна на граничната полиција, потребно е да се направат што е можно подолготрајни истражни дејства од секој поединечен настан на прекуграничен криминал, како би се дошло до можност за откривање и сузбивање на целата организирана криминална структура којашто стои зад извршувањето на одредени појавни облици на прекуграничен криминал;*

- ✓ *Од страна на граничната полиција потребно е да се отпочне со имплементација на современи модели на гранично полициско работење коишто како такви ќе се базираат на квалитетни продукти на анализа на ризик, коишто како такви се употребуваат од страна на земјите-членки на Европската унија и*

*FRONTEX[35], со што воедно и би се исполниле одредени евро-интеграциски стандарди;*

- ✓ *Ваквите продукти на анализа на ризик потребно е да се изработуваат за секој појавен облик на прекуграничен криминал, при што е потребно истите да се стремат кон што поголема нивна усогласеност со моделот CIRAM[36], кој како таков изискува постојана размена на информации како помеѓу државните агенции вклучени во интегрираното гранично управување во Република Македонија, така и со агенциските служби вклучени во интегрираното гранично управување на Република Бугарија.*
- ✓ *Паралелно со имплементацијата на CIRAM, од страна на граничната полиција потребно е што поцелисходно да се имплементира и ILP[37] моделот на полициско работење, како современ модел на работење на полициските служби, преку којшто распоредувањето и реакцијата на службите на терен се базира на криминалистичко разузнавачки информации и криминалистичко разузнавачки процес на обработка на тие информации.*

Генерално гледано, имајќи ги предвид горенаведените заклучоци извлечени од резултатите на истражувањето направено во рамките на овој труд, како и препораките дадени за понатамошно применување и надминување на недостатоците од заклучоците, сметам дека овој труд значително ќе придонесе во понатамошниот развој на граничната полиција, и нејзината што поцелисходна борба против прекуграничниот криминал и што поцелисходно обезбедување на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија.

[35] FRONTEX е агенциска служба на Европската унија, задолжена за обезбедување на надворешните граници на ЕУ, престојот на странци и лица под супсидијарна заштита – баратели на азил во земјите-членки на ЕУ.
[36]Во моментот нај современ модел што го применуваат FRONTEX и граничните полициски служби на земјите-членки на ЕУ, е моделот CIRAM (Common Integrated Risk Analyses Model).
[37] ILP – Intelligence Led Policing. Полициско работење водено од информации.

# Користена литература:

## Книги


1. Алексоски С. (2009), „Криминологија", Штип, Универзитет „Гоце Делчев".
2. Ангелески М. (2008), „Криминалистичка методика", Скопје, Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски".
3. Котески М., Николовски М. (2008), „Методика на откривање на општиот криминалитет", Скопје, Факултет за безбедност.
4. Стојчев В. (2004), „Методологија на воените науки", Скопје Воена академија „Генерал Михаило Апостолски"
5. Милошевиќ Н., Милојевиќ С. (2001), „Основи методологије безбедносних наука", Белград, Полициска академија.
6. Миловановиќ Р. (1995) „Полициска психологија", Белград, Полициска академија.
7. Арнаудовски Љ., Стојановски Т. (2002), „Трговија со луѓе – криминалитет", Скопје, Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски".
8. Шелдон С.Џ. (2009), „Шверц и трговија со луѓе", Скопје, Академски печат.
9. Бикс К., Амир Д. (2009), „Глобалната секс-индустрија и препродажбата на луѓе", Скопје, Датапонс.
10. Лајман М., Потер Г. (2009), „Организиран криминал", Скопје, Магор.
11. Ретклиф Џ. (2009), „Стратешко размислување во разузнавањето на криминалот", Скопје, Табернакул.
12. Крстановски М., Смилевска Д. (2008), „Царинско работење", Охрид, Факултет за угостителство и туризам.
13. Миленковски М. (2005), „Државните граници на Република Македонија и асоцирањето во Европската унија", Скопје, Еуро-еко.

14. Хакнер Т., Шомбург В., Лагодни О., Волф Н. (2009), „Меѓународна правна помош во кривичната материја“, Скопје, Табернакул,

15. Лабовиќ М. (2006) „Власта корумпира“, Скопје, Де гама.

16. Caparini M., Marenin O. (2006), “Borders and security governance”, Zurich, DCAF, Lit verlag GmbH.

17. Hanggi H., Scherrer V. (2008), “Security sector reform and UN intergrated missions”, Zurich, DCAF, Lit verlag GmbH.

**Закони и други документи**

18. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2010) „Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе“, http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/

19. Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2010) „Национален акционен план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија“, http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/

20. Кривичен законик, Службен весник на Република Македонија бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011 и 135/2011 година,

21. Закон за кривична постапка, Службен весник на Република Македонија бр.150/2010 година

22. Закон за полиција, Службен весник на Република Македонија бр.114/2006 година

23. Закон за внатрешни работи, Службен весник на Република Македонија бр.92/2009, 35/2010, 36/2011 и 158/2011 година

24. Закон за гранична контрола, Службен весник на Република Македонија бр.171/2010 година

25. Закон за надзор на државната граница – пречистен текст, Службен весник на Република Македонија бр.88/2009 година

26. Царински закон, Службен весник на Република Македонија бр.39/2005, 4/2008, 48/2010, 158/2010, 44/2011, 53/2011 и 11/2012 година

27. Закон за странците - пречистен текст, Службен весник на Република Македонија бр.92/2009 година

28. Закон за малолетничка правда, Службен весник на Република Македонија бр.87/2007 година

29. Правилник за начинот на извршување на полициските работи, Службен весник на Република Македонија бр.114/2006 година

30. Правилник за начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор, Службен весник на Република Македонија бр.75/2012 година

31. Спогодбата помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за мерките за спречување и решавање на гранични инциденти на границата на Република Македонија и Република Бугарија, Службен весник на Република Македонија бр.13/2002 година

32. Спогодбата помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за чување, одржување обновување, и обележување на граничната линија и граничните белези на македонско-бугарската државна граница, Службен весник на Република Македонија бр.13/2002 година

33. Договорот помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за преземање на лица со незаконски престој, Службен весник на Република Македонија бр.12/2002 година

34. Договорот помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, нелегалната миграција и други кривични дела, Службен весник на Република Македонија бр.6/2003 година

35. Спогодбата помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за размена и заемна заштита на класифицирани информации, Службен весник на Република Македонија бр.10/2006 година

36. Договорот помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за прекугранична полициска соработка, Службен весник на Република Македонија бр.131/2006 година

37. Договорот помеѓу владите на Република Македонија и Република Бугарија за основање и функционирање на Заеднички контакт центар за полициска и царинска соработка, Службен весник на Република Македонија бр.116/2010 година

38. Конвенција на Обединетите нации за „Транснационален организиран криминал“ и нејзините протоколи, објавена во Њујорк, 2004 година.

**Интернет**

39. Веб на страна на МВР на Р Македонија http://www.mvr.gov.mk/

40. Веб страна на Интерпол http://www.interpol.int/

41. Веб на страна на МВР на Р Бугарија http://www.mvr.bg/

42. Веб страна на DCAF http://www.dcaf.ch/

43. Веб страна на SELEC http://www.secicenter.org/m105/Home

44. Веб страна на FRONTEX http://frontex.europa.eu

45. Веб страна на Европската Унија www.europa.eu

46. Веб страна на CESCO  www.cseco.com

47. Веб страна на Fototrap www.fototrap-pro.com

48. Веб страна на Елбит Системс www.elbitsystems.com

49. Веб страна на Википедија www.wikipedia.org

# Прилози:

- Анкетен прашалник

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

*Почитувани,*

*Ве молам да го прочитате внимателно прашалникот и да одговорите на сите прашања.*

*Прашањата потребно е да се одговараат само со заокружување на еден од понудените одговори.*

*Анкетата е анонимна.*

*Добиените податоци ќе служат само и единствено за научни цели.*

*Благодарам на соработката.*

**Општи прашања поврзани со анкетираното лице:**

**Пол**

*1. машки 2. женски*

**Возраст**

1. од 18 до 25 год. 2. од 26 до 40 год. 3. од 41 до 50 год. 4. над 50 год.

**Прашања поврзани со предметот на истражувањето:**

**1. Според Вас, какво е влијанието на зголемувањето на разликата на цената за купување на одредена стока, од едната и другата страна на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава на криумчарење на таа стока преку државната граница и вршење на прекуграничен криминал?**

а. Значително

б. Умерено

в. Неутрално

г. Умерено негативно

д. Значително негативно

**2. Според Вас, какво е влијанието на зголемената невработеност кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал?**

а. Значително

б. Умерено

в. Неутрално

г. Умерено негативно

д. Значително негативно

**3. Според Вас, какво е влијанието на зголемената стапка на сиромаштија кај населението од пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал?**

а. Значително

б. Умерено

в. Неутрално

г. Умерено негативно

д. Значително негативно

**4. Според Вас, какво е влијанието на значителното намалување на бројот на населението во пограничните места од двете страни на границата**

**(помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал?**

а. Значително

б. Умерено

в. Неутрално

г. Умерено негативно

д. Значително негативно

**5. Според Вас, какво е влијанието на подобрените (инфраструктурни) услови за живот во пограничните места од двете страни на границата (помеѓу Р Македонија и Р Бугарија), врз можноста за појава и вршење на прекуграничен криминал?**

а. Значително

б. Умерено

в. Неутрално

г. Умерено негативно

д. Значително негативно

**6. Според Вас, колку употребата на апаратот „Виспек 4“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на фалсификувани документи?**

а. Значително ја подобри

б. Умерено ја подобри

в. На исто ниво како и претходно

г. Постои умерено назадување на откривачката дејност

д. Постои значително назадување на откривачката дејност

**7. Според Вас, Според Вас, колку употребата на апаратот „Фиберскоп“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција во поглед на откривањето на настани на криумчарење на стока на граничните премини?**

а. Значително ја подобри

б. Умерено ја подобри

в. На исто ниво како и претходно

г. Постои умерено назадување на откривачката дејност

д. Постои значително назадување на откривачката дејност

**8. Според Вас, колку употребата на апаратот „Бастер“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на настани на криумчарење на стока на граничните премини?**

а. Значително ја подобри

б. Умерено ја подобри

в. На исто ниво како и претходно

г. Постои умерено назадување на откривачката дејност

д. Постои значително назадување на откривачката дејност

**9. Според Вас, колку употребата на „Скаут камерите“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал на зелениот дел од државната граница?**

а. Значително ја подобри

б. Умерено ја подобри

в. На исто ниво како и претходно

г. Постои умерено назадување на откривачката дејност

д. Постои значително назадување на откривачката дејност

**10. Според Вас, колку употребата на „Термо камерите за надзор на државната граница“ ја подобри откривачката дејност во граничната полиција, во поглед на откривањето на прекуграничен криминал на зелениот дел од државната граница?**

а. Значително ја подобри

б. Умерено ја подобри

в. На исто ниво како и претходно

г. Постои умерено назадување на откривачката дејност

д. Постои значително назадување на откривачката дејност